МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА - НЕОПХОДНОСТ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ

СТУДЕНТ: НИКОЛЧО ЛАЗАРОВ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М 207006
МЕНТОР: ДОЦ.ДР. МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА

Свети Николе, 2022

Краток извадок

Во овој магистерски труд се обработува меѓународната полициска соработка која претставува неопходност во борбата против криминалот, со акцент на положбата и улогата на Република Северна Македонија. Обработени се повеќе теми во кои е даден краток осврт на облиците и видовите на меѓународната полициска соработка, правни извори и улогата на Република Северна Македонија во таа соработка. Криминалитетот како негативна општествена појава не ја одминува ниту нашата држава, па затоа соработката помеѓу Република Северна Македонија и државите членки на ЕУ, сè повеќе се зголемува. Целта е откривање и спречување на криминалот на меѓународно ниво и навремено реаѓирање против делувањето на криминалните групи или поединци, со меѓусебна соработка и заеднички акции на МВР на Република Северна Македонија со EUROPOL и INTERPOL.

Клучни зборови: меѓународна полициска соработка, криминалитет, EUROPOL, INTERPOL, акции

Abstract:

This master's thesis deals with the international police cooperation which is a necessity in the fight against crime, with emphasis on the position and role of the Republic of Northern Macedonia. Several topics were covered in which a brief overview was given of the forms and types of international police cooperation, legal sources and the role of the Republic of Northern Macedonia in that cooperation. Crime as a negative social phenomenon does not pass our country either, so the cooperation between the Republic of Northern Macedonia and the EU member states is increasing. The goal is to detect and prevent crime at the international level and to react in a timely manner against the activities of criminal groups or individuals, with mutual cooperation and joint actions of the Ministry of Interior of the Republic of Northern Macedonia with EUROPOL and INTERPOL.

Keywords: international police cooperation, crime, EUROPOL, INTERPOL, actions

КРАТКА СОДРЖИНА:

ВОВЕД ……..……. 9

1. Методологија на истражувањето 11

2. Проблем, предмет и цел на истражувањето .....……..... 11

2.1 Проблем на истражувањето 11

2.2 Предмет на истражувањето 11

2.3 Цел на истражувањето 11

3. Хипотези на истражувањето .....……..... 12

3.1 Главна хипотеза на истражувањето 12

3.2 Помошни хипотези 12

4. Методи на истражувањето …….....13

5. Оправданост на истражувањето …….....……....13

Глава 1

Поим и важност на меѓународната соработка меѓу полициските служби 14

1. Меѓународна соработка на земјите членки на Европската унија 14

1.1 Почетоци на полициската соработка на земјите членки на Европската унија 14

2. Trevi група 15

3. CELAD – Европски комитет за борба против дрогата 16

4. Транснационалниот криминал како растечка закана за националната и меѓународната безбедност 17

5. Напредок на меѓународната полициска соработка 21

Глава 2

EUROPOL 23

1. EUROPOL и Република Северна Македонија..... 25

1.1. Комуникациска врска 27

2. Оперативни активности..... 27

3. Заштита на податоци ……..……..... 30

4. Оперативни акции на EUROPOL .....…… 32

Глава 3

INTERPOL 40

1. Историја на INTERPOL 40

2. Цели на INTERPOL 44

3. Органи на INTERPOL 45

4. Патна исправа на INTERPOL 48

5. Основна работа на INTERPOL ...…….....…….. 49

6. Меѓународна потрага по предмети и лица 50

6.1 Меѓународна потрага по лица 51

6.2 Црвена потерница или нота на INTERPOL 56

6.3 Меѓународна потрага по украдени предмети 56

6.4 INTERPOL во борбата против кривичните дела со моторни возила 57

6.5 INTERPOL во борбата против кражбите на уметнички предмети 58

6.6 INTERPOL во борбата против недозволената трговија со дрога 59

7. INTERPOL во борбата против тероризмот .....……. 60

8. INTERPOL во борбата против поткупот (корупцијата) и финансискиот криминалитет.61

9. Криминалистичко-технички области на INTERPOL 62

10. Соработка на на Република Северна Македонија со INTERPOL 62

Глава 4

Закон за меѓународна соработка во кривичната материја 67

1. Поим на меѓународна правна помош 69

1.1 Форма и содржина на замолницата 70

1.2 Начин на постапување 71

1.3 Присуство на службено лице при преземање дејствија на правна помош 71

1.4 Надомест за патни трошоци.....71

1.5 Привремени мерки 72

1.6 Прекугранично набљудување 72

1.7 Заеднички истражни тимови 73

2. Преземање и отстапување на кривично гонење 73

2.1 Преземање на кривично гонење во Република Северна Македонија 73

2.2 Преземање на кривична постапка 73

2.3 Изедначување на истражните дејствија и одлука за преземање кривично гонење 74

3. Отстапување на кривично гонење 74

3.1 Отстапување на кривично гонење на странска држава 74

3.2 Одлука за отстапување на кривично гонење 74

4. Екстрадиција 75

4.1 Начело на специјалност 75

5. Постапување кога екстрадиција се бара од Република Северна Македонија 75

5.1 Претпоставки за екстрадиција 75

5.2 Политички кривични дела и смртна казна 76

5.3 Документи кон барањето за екстрадиција 76

5.4 Лишување од слобода и поука за правата 76

6. Решение за екстрадиција 77

6.1 Извршување на решение и предавање на лице чијашто екстрадиција се бара 77

6.2 Одложено извршување и привремено предавање 77

6.3 Одлучување за екстрадиција во случај на барање од повеќе држави 78

7. Постапување кога Република Северна Македонија бара екстрадиција..... 78

7.1 Постапка пред домашниот правосуден орган 78

7.2 Транзит на лице преку територијата на Република Северна Македонија 78

8. Извршување на кривични пресуди 79

8.1 Предмет на извршување 79

8.2 Донесување на пресуда 79

8.3 Извршување на странска кривична пресуда 79

8.4 Услови за извршување 79

9. Трансфер на осудени лица 80

9.1 Трансфер на странски државјанин 80

9.2 Трансфер на државјанин на Република Северна Македонија 80

Глава 5

Шенгенски договор 81

1. Шенгенски оперативни системи 82

2. Каталог за потесна судска и полициска соработка 84

3. Полициска правна помош 85

4. Прекугранична контрола..... 86

5. Прекугранични опсервација 86

Глава 6

Анализа на меѓународната соработка 88

1. Анализа на истражувањето .....…….....….…….……..... 88

1.1 Анализа на соработката EUROPOL – МВР..... 89

1.2 Анализа на соработката INTERPOL – МВР.....93

2. „Case study“.....96

2.1 Пример за екстрадиција по Меѓународна потерница 96

2.2 Пример за меѓународна соработка со вклученост на INTERPOL 97

2.3 Пример за меѓународна полициска соработка 97

3. Дискусија 99

ЗАКЛУЧОК …….....……...……..100

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА …….....……..…….…. 101

ВОВЕД

Со развојот на науката, техниката и воопшто на човековото оштеството, постои тенденција општествените односи, особено оние со меѓународен елемент, да се засноваат на соработка меѓу државите, меѓународните организации и други субјекти. Усогласените односи се темел на развојот на народите, државите и меѓународната заедница како целина. Тие допринесуваат за остварување на целите од доменот на општественото надградување. Основен предуслов за опстанок и развој на општеството е безбедноста и сигурноста на заедницата и нејзините членови. Токму ова е една од причините зошто државите и другите субјекти се обединуваат и преземаат заеднички мерки и акции за заштита на човековите права, граѓанските слободи и другите универзални вредности.

Криминалот е една од најопасните општествени појави, која во мирнодопски услови ги поткопува темелите на современото општество. Тоа е една од главните причини државите да преземаат заеднички мерки и активности за борба против криминалот. На почетокот на третиот милениум беше јасно дека меѓународната полициска, судска и друга соработка се императив за опстанок на човечкото општество и дека без соработка нема успех во борба против криминалот и постигнување безбедност на заедницата. Соработката е услов за мирен соживот на различните народи, религии и култури и се одвива во сите сфери на општественото живеење. Меѓународната полициска соработка е вовед во меѓународната кривично-правна соработка, односно меѓународна правна помош. Како и другите форми на соработка, меѓународната полициска соработка се врши на билатерално, регионално и мултилатерално ниво.

Светски лидер во борбата против организираниот криминал, тероризмот и другите тешки облици на криминал е меѓународната организација INTERPOL.

На регионално ниво, особено на стариот континент, главен фактор во соработката и борбата против криминалот е EUROPOL, формиран како Европска полициска канцеларија на ниво на ЕУ.

Без координирана акција на полициските служби на повеќе држави, назамисливо е да се спречат современите облици на транснационалниот криминал. Таа соработка се движи во насока на откривање на кривичните дела, извршителите, на обезбедувањето докази итн. Исто така многу е битна и полициската соработка во едукација на стручниот кадар, во размена на искуства, унапредување на методите во работата на полицијата и сл.

1. Методологија на истражувањето

Во трудот посебно ќе се обработат проблемот, предметот и целта на научното истражување. За таа цел ќе бидат користени соодветни методи и методолошки техники.

Основниот концепт на научното истражување ќе се манифестира со соодветно дефинирање на главната и помошните хипотези, како и со оправданоста и начинот на изработката на темата.

2. Проблем, предмет и цел на истражувањето

2.1 Проблем на истражувањето

Со истражувањето ќе се направи анализа на меѓународната полициска соработка меѓу ЕУ и Република Северна Македонија, барајќи одговор на прашањето дали таа соработка е неопходна и дали секогаш се покажала успешна во решавањето на кривичните дела.

2.2 Предмет на истражувањето

Потребата од меѓународната полициска соработка во борбата против криминалот е предмет на оваа истражување.

2.3 Цел на истражувањето

Целта на ова истражување е да се анализира меѓународната полициска соработка помеѓу Република Северна Македонија и државите членки на ЕУ.

Целта на овој труд е да го проучи поимот на меѓународната полициска соработка, историскиот развој, начините на соработка и шенгенскиот информативен систем. Покрај позитивните страни ќе се детектираат и пречките во борбата против меѓународниот криминал, како и искуствата на Република Северна Македонија во меѓународната полициска соработка.

Временската, содржинската и општествената димензија ја даваат правната сигурност. Човековите права се најзначајни за државите што сакат да бидат демократски и членуваат во меѓународните колективни организации.

3. Хипотези на истражувањето

3.1 Главна хипотеза на истражувањето

Неопходност од меѓународната полициска соработка за полесно и побрзо откривање и решавање на современите, софистицираните и транснационалните кривични дела.

3.2 Помошни хипотези

- Полицијата во Република Северна Македонија секојдневно соработува со полицијата на повеќе земји во Европската Унија.
- Меѓународната полициска соработка ќе придонесе за зајакнување на односите помеѓу Република Северна Македонија и земјите од Европската Унија.
- Поголемиот број кривични дела кои се извршени во нашата земја и надвор од неа, а во кои се забележува интернационалност, ќе бидат откриени и нивните сторители ќе бидат осудени согласно закон, како резултат на меѓународната полициска соработка.

Дополнително треба да се развијат и обработат главната и помошните хипотези. Треба да се направи обработка и развивање на хипотезите, коИ ќе бидат во склад со општите концепции на магистерскиот труд.

Поставените хипотези во истражувањето ќе бидат проверени со користење на неколку индикатори.

Откако ќе биде разгледана и обработена соодветна литература, националните и меѓународните закони, моделите и механизмите кои се применуваат во праксата, ќе се добие заклучок што одговара на поставените хипотези.

4. Методи на истражување

Неколку научни методи од општествените науки ќе бидат користени во изработката на магистерскиот труд, односно користени се методите на анализа, синтеза, индукција, дедукција, историски метод, метод на компарација, истражувачката метода и методот на теориска анализа. Од техниките за истражување користено е библиографско истражување, втемелена теорија и студии на случај.

5. Оправданост на истражувањето

Истражувањето на магистерскиот труд ќе биде од интерес на оние институции, кај кои во делокругот на нивното работење спаѓа соработката на полицијата на меѓународно ниво.

Научната оправданост на истражувањето произлегува од потребата за систематизирање на сознанијата за состојбата на меѓународната полициска соработка на државите членки на ЕУ и Република Северна Македонија.

Глава 1

Поим и важност на меѓународната соработка меѓу полициските служби

1. Меѓународна соработка на земјите членки на Европската унија

За квалитетот на животот и безбедност на луѓето во земјите членки на Европската унија од најголема важност е меѓународната соработка меѓу полициските служби. Во поглед на глобалната димензија на криминалот соработката не само што е важна, туку е и неопходна. Една од основните вредности и права на луѓето во земјите членки на Европската унија е нивната безбедност. Во областа на меѓународната полициска соработка, Европската унија има усвоено различни законски рамки, мерки и инструменти, со намера да го ограничи криминалот и да го заштити ова право.

EUROPOL и INTERPOL се двата најдобри примери за работа од агенциите на Европската унија за тоа како може да се воспостави, управува и одржува соработката меѓу полициските служби на земјите членки.

1.1 Почетоци на полициската соработка на земјите членки на Европската унија

Од 1976 година започува полициската соработка на земјите членки на Европската унија, со т.н. Trevi група, како меѓувладина мрежа на претставници на министерствата за внатрешни работи и министерствата за правда.

Прашањата од заеднички интерес кои ја оправдуваат полициската соработка во кривичните дела кои ѓи опфаќат дрогата, тероризмот, како и други форми на кривични дела од меѓународен карактер, беа идентификувани со договорот од Мастрихт. Европската полициска канцеларија (EUROPOL), која започна да работи како служба за дрога, е формирана со овој договор.

На 26 јули 1995 година беше потпишана Конвенцијата на EUROPOL, а врз основа на зголемените овластувања дадени со Договорот од Амстердам потпишан на 2 октомври 1997 година, Канцеларијата формално стана оперативна на 1 јули 1999 година. И пред да се формира EUROPOL имало полициска соработка.

Прекуграничната полициска соработка стана реалност со создавањето на Schengen зоната во 1985 година, а која првично опфаќаше само неколку земји членки. Иако потпаѓаше под т.н. трет столб на меѓувладина соработка, правото на Schengen стана составен дел на правото на ЕУ, вклучувајќи ги и деловите што се однесуваат на полициската соработка, со влегувањето во сила на Договорот од Амстердам.

Со Одлуката на Советот 2008/615 / ЈНА од 23 јуни 2008 година, Договорот од Прум беше целосно имплементиран на ниво на ЕУ. Според Договорот од Прум кој вклучуваше одредби за регистрација на возила, размена на податоци од ДНК и отпечатоци од прсти, беше искористен истиот меѓувладин пристап за мерките за полициска соработка, преземени од мала група земји членки.

2. Trevi група

Во 1976 година била формирана Групата Trevi од 12-те држави на Европската Комисија, со цел да го координира полициското работење и да се спротивстави на тероризмот. Името го добила по познатата фонтана Trevi во Рим, во чија близина се одржал првиот состанок на министрите за внатрешни работи. Но, на формирањето на групата Trevi му претходеле повеќе меѓувладини состаноци за тероризмот. Од страна на 12-те министри за внатрешни работи на Европската Комисија биле формирани пет работни групи, кои известувале до групата на високи функционери на Trevi.

Одговорностите на петте работни групи се:

- Trevi 1: Мерки за борба против тероризмот;
- Trevi 2: Полициска обука, јавен ред и фудбалски хулиганизам;
- Trevi 3: Трговија со дроги;
- Trevi 4: Заштита и безбедност на нуклеарни инсталации и транспорт;
- Trevi 5: Справување со вонредни состојби.

Задачите и работата на Trevi групата биле вклопени во новите политики за полициско работење и правните системи на една европска држава. Донесените нови декларации и договори на министрите од треви зборуваа за потребата од соработка за борба против меѓународниот криминал, терероризмот и секаков вид на нелегална трговија. Програмата за работа ги дефенира заедничките дејствувања помеѓу полицијата и безбедносните служби и укажува на потребата од создавање на европска област без внатрешни граници.

3. CELAD – Европски комитет за борба против дрогата

Европски комитет за борба против дрогата – CELAD [1] е институција формирана во рамките на Советот на европските министри, на предлог Франција. Задачата на CELAD е зајакнување на соработката во борбата против наркотиците во сите нејзини форми: здравствени и социјални, репресивни и меѓународни. Оваа институција понатаму е основа на формирањето на Европскиот мониторинг центар за дроги и зависности од дроги.

[1] Comitee Europeen de la lutte Antidrogue;

4. Транснационалниот криминал како растечка закана за националната и меѓународната безбедност

Транснационалниот криминал е растечка и значајна закана за националната и меѓународната безбедност, со големи последици за економската стабилност, демократските институции, здравјето и безбедноста на сите земји. Не е во прашање само ширењето на криминалните мрежи, туку и зголемување на активностите, кои денес имаат огромни и дестабилизирачки ефекти. Во се поголем број држави се зголемуваат активностите на транснационалните криминални групи во:

- навлегување во општествено-политичките процеси на една држава;
- недозволена трговија со дрога;
- шверц на луѓе;
- трговија со луѓе;
- трговија со оружје;
- кражба на интелектуална сопственост;
- компјутерски криминал;
- фалсификување.

Посебно осетливи од навлегувањето на транснационалниот криминал во државните институции, корупцијата и заканите по владеењето на правото, се земјите во развој. Во некои држави виден е зголемениот контакт на транснационалните криминални групи со претставници на владите, видни бизнисмени, вклучувајќи ги и разузнавачките служби, со што станува голема опасност за демократските институции и растот на економијата. Има корумпирани функционери во земјите со слабо владеење на правото, кои замижуваат пред активностите на транснационалните криминални групи. Навлегувањето на транснационалниот криминал во политичкиот процес, финансискиот и безбедносниот сектор е на различни начини со:

- создавање сиви економии;
- директно поткупување или принуда;

- кандидирање на членовите од транснационалните криминални групи на функции;
- вклучување како бизнисмени и донатори.

Транснационалните криминални групи додека прават сојузи со политичките лидери, финансиските и институциите за спроведување на законот, странските безбедносни агенции и служби за разузнавање, може да ги нарушат слободните пазари и да ја загрозат стабилноста на државите.

Навлегувањето на транснационалниот криминал во власта ја зголемува корупцијата, а со тоа ја намалува стабилноста на власта, владеењето на правото, судските институции, транспарентноста, демократското градење на институциите и слободата на новинарството. Преку неговата економската активност, субверзија, експлоатација и нарушување на легитимните пазари, транснационалниот криминал ги загрозува економските интереси на земјите и може да предизвика значителна штета на светскиот финансиски систем. Во земјите погодени од транснационалниот криминал во многу делови од светот, цената на водење бизнис расте, бидејќи фирмите вложуваат во дополнителни безбедносни трошоци, што негативно влијае на странските директни инвестиции. Нарушување на глобалниот синџир на снабдување и намалување на економската конкурентност, доаѓа со активностите на транснационалниот криминал, а кој исто така делува и на способноста на индустријата и транспортниот сектор да бидат отпорни наспроти таквото нарушување. Влијание на важните пазари на стоки, како и можното искористување на транспортниот сектор, благородните метали и алуминиумот, нафтата и гасот, би можеле да добијат транснационалните криминални групи, искористувајќи ги своите врски со државните институции, индустрии или фактори поврзани со државата.

За да добијат средства и логистичка поддршка за извршување на нивните насилни дејствија, бунтовниците и терористите се повеќе се насочуваат кон транснационалните криминални групи. Исто така и најзначајните меѓународни организации за трговија со дрога, биле поврзани со терористички групи.

Недозволените дроги остануваат сериозна закана за здравјето, безбедноста и финансиската благосостојба на луѓето и покрај докажаните успеси против дрогата во последниве години, особено против трговијата со кокаин. Насилството на криминалните организации ширум светот, е потикнато и од неказнивоста и побарувачката за недозволени дроги. Латиноамериканските картели ги искористуваат локалните криминални организации во Западна Африка, за да го пренесат кокаинот во Западна Европа и Блискиот Исток. Имало и случаи на авганистански криминални организации, кои делувале со оние во Западна Африка за да шверцуваат хероин во Европа и САД. Сега воспоставуваат врски со производителите на дрога за да развијат сопствени дистрибутивни мрежи и пазари, многу од добро поставените организирани криминални групи кои не биле вклучени во шверц на дрога на Балканот, вклучително и оние во Италија, Русија и Кина. Обединетите нации откриј зголемување на трговијата со дрога во региони како Западна Африка и Централна Америка, која е често придружена со зголемување на локалниот криминал и корупција.

Олеснување, транспорт, обид за транспорт или нелегален влез на лице или лица преку меѓународна граница, со кршење на законите на една или повеќе земји, тајно или преку измама, без разлика дали со употреба на лажни документи или преку затајување на легитимните гранични контроли е шверцот со луѓе. Тоа е криминална комерцијална трансакција помеѓу подготвените страни кои одат по својот пат откако ќе набават нелегален влез во земјата.

Меѓународните мрежи за шверц на луѓе се поврзани со други транснационални злосторства, вклучително и трговија со дрога и корупцијата на владини службеници. Тие можат да пренесуваат криминалци, бегалци, терористи и жртви на трговија со луѓе, како и економски мигранти. Тие го поткопуваат суверенитетот на нациите и често ги загрозуваат животите на оние што се шверцуваат.

Под трговијата со луѓе се подразбира присилно ропство, ропство, должничко ропство и принудна работа, најчесто на жртви кои се физички и емоционално слаби.

Тргуваното лице е предмет на криминална експлоатација, сексуална или трудова и често е емоционално и физички малтретирано. Иако трговијата со луѓе се смета за меѓународно кривично дело со поминување на границите, жртвите можат да бидат тргувани и во нивните земји. На жртвите можат да им бидат менувани локациите во иста земја или да бидат продавани на други организации за трговија со луѓе.

Важна улога на црните пазари имаат недозволените трговци со оружје. Од нив терористите и трговците со дрога набавуваат дел од своето оружје. Оваа незаконска трговија со оружја го поттикнува насилството и ги поткопува безбедноста, развојот и правдата во светот.

Кражба на интелектуална сопственост подразбира упад во корпоративни и сопственички компјутерски мрежи, кражба на видео игри, музика и филмови, имитации на брендови, дизајни на технички уреди и друго. Кражбата на интелектуална сопственост предизвикува огромни загуби на деловен план, ја намалува конкурентноста на на светскиот пазар и во многу случаи го загрозува јавното здравје и безбедност.

Преку компјутерскиот криминал, транснационалните криминални организации претставуваат значајна закана за финансиските и доверливите системи, банкарството, берзите, е-валутите и услугите за вредност и кредитни картички, од кои зависи светската економија. Транснационалниот криминал се повеќе е вклучен во компјутерскиот криминал, кој ги чини потрошувачите милијарди долари годишно, ги загрозува чувствителните корпоративни и владини компјутерски мрежи и ја поткопува светската доверба во меѓународниот финансиски систем. Некои проценки покажуваат дека онлајн измамите извршени од мрежите за компјутерски криминал во Централна Европа ги измамиле американските граѓани за околу 1 милијарда долари годишно. Распространетата криминална активност во компјутерскиот криминал не само што директно влијае на нејзините жртви, туку може да ја загрози вербата на граѓаните и бизнисите во овие дигитални системи, кои се клучни за нашето општество и економија. Интернетот и компјутерите се мета или оружје што се користи во многу транснационални кривични дела денес.

Сите погоре спомнати активности ги поврзуваат криминалните групи со полулегитимните играчи како што се адвокатите, нотарите, банкарите, брокерите за недвижности и сметководителите. Сите тие го преминуваат и законскиот и незаконскиот свет и обезбедуваат услуги на легитимни клиенти, криминалци и терористи. Шверцерите на луѓе, трговците со оружје и дрога, терористите и другите криминалци зависат од фалсификуваните или добиени со измама документи, како пасоши и визи, за да се преселат или ги преселат нивните клиенти во други држави, каде ќе престојуваат нелегално. За сите тие активности се користат вработени лица во легитимни компании, а сопственици на бизниси или банкари се ангажирани за перење пари.

Балканот е идеална средина за проширување на транснационалниот криминал. Одамна е канал за шверц меѓу исток и запад. Слабите институции во повеќето балкански земји им овозможија на криминалните групи да ја преземат контролата врз каналите за трговија со дрога и луѓе и западноевропските пазари. Балканот стана регионот за влез на латиноамериканскиот кокаин, транзитен регион за хероин и извор на синтетичка дрога. Лесното добивање пасоши и слабите гранични контроли овозможуваат преминување на криминалци и терористи во Западна Европа и недозволена трговија. Клучна за отстранување на условите во кои се појавуваат и дејствуваат криминалните групи е соработката меѓу државите од регионот и државите членки на Европската Унија, со цел градење правни институции, економскиот напредок и доброто владеење на Балканот.

5. Напредок на меѓународната полициска соработка

За спречување на транснационалниот криминал од огромна важност е меѓународната полициска соработка. Таа денес опфаќа многубројни и разновидни практики на полициска соработка како што се:

- размена на информации;
- собирање докази;

- тајни истраги преку националните граници;
- распоредување полицајци за врска;
- заеднички истражни тимови;
- заедничко образование и обука.

За напредокот на меѓународната полициска соработка битно е да се ангажираат кадри со искуство од земјата и од странство, но за успешна соработка сите вклучени експерти треба да бидат ослободени од политичките ограничувања. Исто така, треба да се обезбедат финансиски средства и законско овластување. Неопходно е да се усогласат правните регулативи кај државите. Во меѓународната полициска соработка сите држави се на исто ниво.

Република Северна Македонија соработува со полициските организации EUROPOL и INTERPOL, кои имаат искусни кадри и располагат со огромен буџет.

Глава 2

EUROPOL

EUROPOL е меѓународна организација со седиште во Хаг, за која слободно можеме да кажеме дека е тело за спроведување на законот на Европската унија. Формирањето на EUROPOL потекнува уште од 1992 година од работната група Trevi 3, која била одговорна за трговија со дроги. Во 1998 година, од страна на земјите членки на ЕУ била ратификувана конвенцијата за EUROPOL и одговорностите и задачите на EUROPOL се проширале на борбата против било каков друг вид на криминал и тероризам. Основна цел е подобрување на соработката меѓу надлежните органи на земјите членки во спречувањето и борбата против организираниот криминал и тероризмот.

EUROPOL со криминалистичко-разузнавачки информации ги поддржува активностите на органите за спроведување на законот, во борбата против:

- недозволена трговија со дрога;
- илегална миграција;
- трговија со луѓе;
- фалсификување на пари;
- тероризам;
- компјутерски криминал;
- детска порнографија.

Во меѓународната соработка на полициските служби на две или повеќе држави, EUROPOL се вклучува и во спречување на:

- перење пари;
- даночни измами;
- имотен и финансиски криминал;
- криумчарење цигари.

Соработката меѓу EUROPOL и земјите членки на ЕУ се одвива во три нивоа:

- Техничка соработка или обука;
- Стратешка соработка (размена на информации за можни закани и актуелни случувања во врска со организираниот криминал);
- Размена на лични податоци (највисоко ниво на соработка која бара претходно исполнување на условите дадени од страна на EUROPOL за заштита и безбедност на личните податоци).

Со EUROPOL раководи извршен директор кој е избран од Советот на ЕУ. На извршниот директор му помагаат тројца заменици извршни директори на одделот за операции, одделот за управување и на одделот за капацитети. Вработените во EUROPOL доаѓаат од различни држави и средини. Има над 1000 вработени, од кои околу 250 се офицери за врска, а околу 100 се аналитичари за криминал и се ангажирани во повеќе од 40000 меѓународни истраги годишно.

Претставници од министерствата за внатрешни работи на земјите членки на ЕУ го сочинуваат управниот одбор на EUROPOL, кој има контрола над вработувањето и буџетот. По два претставника од секоја земја членка на ЕУ има во заедничкото надзорно тело на EUROPOL, кое ја контолира заштитата на личните податоци.

Освен во Националното Биро за врски во седиштето на EUROPOL, во чиј состав се назначени Офицери за врски, секоја земја членка има назначено и Национално одделение за EUROPOL во својата земја. Врската меѓу EUROPOL и надлежните национални органи е Националното одделение за EUROPOL. Кај Одделенијата поставени во секоја трета

страна, како контакт точка со EUROPOL за размена на информации во рамки на договорот за соработка, се подеднакво применливи истите принципи и одговорности кои се применуваат и на националните одделенија на земјите членки.

EUROPOL освен што има соработка со земји членки на ЕУ, соработува и со други земји или институции како надворешни партнери, со кои склучува работни или оперативни договори за соработка. Со оперативните договори за соработка овозможена е размена класифицирани информации во врска со лица вклучени во криминални активности во делокругот на надлежностите на EUROPOL, а со стратешките договори се овозможува споделување на технички или стратешки информации.

1. EUROPOL и Република Северна Македонија

Во 2007 година со размена на технички и стратешки информации, започна соработката на EUROPOL и Република Северна Македонија. На 16.01.2007 година беше потпишан договорот за стратешка соработка. За да почнат разговорите за потпишување на Оперативен договор со EUROPOL, во 2008 година беше изработен Акциски план за имплементација на Стратешкиот договор.

На Седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25.02.2008 година е усвоен Акцискиот план за имплементација на Стратегискиот договор и почнување на преговорите за потпишување на Оперативен договор со EUROPOL.

Реализирани од планираните работи од договорот во 2008 година се:

- формирано е Одделение за EUROPOL;
- како што тоа е поставено во земјите на ЕУ, размената на информации во меѓународните релации оди преку Одделението за EUROPOL, како дел од Секторот за меѓународна полициска соработка, кој е национален орган за меѓународна полициска соработка, односно е дел од формираната единствена контакт точка за размена на информации на меѓународен план;

- во делот на соработка со EUROPOL, изработени и потпишани се анекси на протоколите за соработка со МВР од една страна и Управата за финансиска полиција и Царинската управа од друга страна;

- од внатрешни работни постапки, донесени се прирачник и правилник за постапување на Одделението за EUROPOL;

- во Одделението за EUROPOL, изработен е подрегистар за класифицирани информации.

Во контекст на процесот на пристапување во ЕУ, содржан и во Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ, беше склучување на Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Северна Македонија и EUROPOL, како еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи. За поголема застапеност и учество на Република Северна Македонија во активностите на EUROPOL, а со цел користење на услугите од страна на надлежните органи, зголемени се оперативните и продолжија со несмален интензитет стратешките активности, со влегувањето во сила на Договорот.

На начин кој ќе овозможи целосна екипираност за справување со прекуграничниот криминал и терористичките закани, со која јакне мандатот на EUROPOL на 01.05.2017 година, стапи во сила новата правна рамка за EUROPOL. Во борбата против организираниот криминал и тероризмот се унапредува способноста на EUROPOL со новите овластувања да делува како центар за собирање и слевање на информации на ниво на ЕУ. Регулирање на мандатот на EUROPOL во делот на кривични дела од негова надлежност утврдени во новата правна рамка е една од новините. EUROPOL започна хоризонтален процес на ажурирање на договорните односи со оперативните партнери за соработка, во делот на формите на криминал кои ќе бидат надлежност на EUROPOL, од таа причина вклучително и со Република Северна Македонија. По пат на размена на писма во номеври 2017 година, измените на Договор за оперативна и стартешка соработка се извршени.

Офицер за врска од Република Северна Македонија упатен е за прв пат на 01.07.2015 година во Хаг-Холандија во отвореното Биро за врски во седиштето на EUROPOL.

1.1 Комуникациска врска

Република Северна Македонија и EUROPOL имаат склучено повеќе договори и меморандуми за безбедна размена на информациите од оперативен и стратешки карактер. Потпишан е Меморандум за разбирање за воспоставување на безбедна комуникациска врска, воспоставен безбеден комуникациски линк и потпишан е билатерален договор за комјутерски мрежи. Исто така Република Северна Македонија е поврзана со EUROPOL преку апликацијата SIENA. Тоа е апликација на EUROPOL за безбедна размена на информации, која ја олеснува размената на оперативни и стратешки информации меѓу EUROPOL, земјите членки на ЕУ и третите партнери.

За користење на конкретни услуги од апликацијата SIENA, EUROPOL реализираше проект за акредитација на телекомуникациската мрежа. Во проектот беа вклучени вработени од Секторот за информатичка технологија при МВР на Република Северна Македонија. Проектот се реализираше во две фази: промена на постоечкиот локален провајдер и инсталирање на нов сигурносен кабинет во секторот за меѓународна полициска соработка. Основна цел на проектот беше подигање на степенот на доверливост при размена на информации преку апликацијата.

2. Оперивни активности

Јасно е дека мисијата на EUROPOL е да ги поддржи и полициските и другите служби на земјите членки за спроведување на законот. Исто така да ги зајакне активностите и мегусебната соработка во спречување и борба против сите облици на криминал и тероризам. Иако EUROPOL има задача да собира и обработува информации и анализира и разменува податоци, со цел да ја подобри ефективноста и соработката, сепак не е само обична служба за поддршка на националните агенции. EUROPOL нема

оперативни и извршни овластувања, но има потенцијал да изврши значително влијание врз развојот на домашните политики за владеење на правото и врз начинот на кој се преземаат полициски операции на национално ниво. Една таква полициска операција е големата истрага во 2013 година, спроведена од EUROPOL и полициски тимови од 13 европски земји. Откиена е огромна криминална мрежа вклучена во местење фудбалски натпревари.

Подршката од EUROPOL ја имале националните полициски сили за разбивање на романска организирана криминална група. Криминалната група била вмешана во трговија со млади жени за проституција, во повеќе од 10 градови во Велика Британија.

Во 2013 година МВР на Република Северна Македонија била вклучено во континуирана размена на информации и одржало неколку оперативни состаноци, со цел да се спречи дејствувањето на организирана криминална група која се занимавала со криумчарење на мигранти. Групата била составена од државјани на Косово, кои мигрантите од Унгарија, Косово и Србија, ги транспортирале до Германија**,** Швајцарија и Франција.

Исто така МВР на Република Северна Македонија учествувало во заедничка оперативна акција за спречување на криминалот со фалсификување храна и пијалоци, во која размената на информации се одвивала преку EUROPOL. Со овој вид криминал се нарушува безбедноста на потрошувачите, а се остварува значителна добивка. Затоа, по доставена официјална покана од EUROPOL за учество во операцијата, Република Северна Македонија назначи контакт-лица од МВР на РСМ, Државниот завод за индустриска сопственост и Државниот пазарен инспекторат, со цел за успешно спроведување на операцијата.

Со координација на EUROPOL од страна на МВР на Република Северна Македонија била спроведена оперативна активност за собирање на информации за лица вмешани во сексуална експлотација на деца преку интернет, кои биле лоцирани во земји членки на ЕУ и трети земји.

Во операција координирана преку EUROPOL бил спречен криминал со крадени возила. Во соработката за собирање и размена на оперативни информации со државите

членки на ЕУ и државите од Западен Балкан учествувала и Република Северна Македонија.

EUROPOL соработува и во интервенции на царинските служби. Една таква операција е и соработката помеѓу Литванија, Полска и Данска, насочени кон сречување на трговија со луѓе.

За спречување на шверц на возила и фалсификувани пари преку граница, во меѓусебна соработка се вклучени EUROPOL и работни групи на соседни држави со Балтичко Море.

Може да се нагласи како пример уште една меѓународна соработка во која е дадена подршка од страна на EUROPOL при уништување на криминална мрежа за шверцување психотропни супстанции од Африка кон Шведска.

EUROPOL се повеќе покажува дека е основна агенција на ЕУ, која на националните власти може да и им обезбеди витална поддршка во борбата против траннационалниот криминал. Воспоставувањето доволен степен на судска контола врз активноста на EUROPOL може да доведе до идно проширување на овластувањата на агенцијата.

Негативно влијание врз работата на EUROPOL има Brexit. Излегувањето на Велика Британија од ЕУ секако дека има големо влијание против прекуграничните криминални групи, и на домашно и на европско ниво. Британските агенции за спроведување на законот ќе наидат на тешкотии при истражувањето на транснационалните криминални активности, бидејќи ќе го изгубат пристапот до виталните информации. Се јавува проблем во губење информации за криминалните активности извршени во Велика Британија од страна на криминални организации со седиште во странство. Истиот проблем се јавува и во обратна насока, кај EUROPOL и земјите членки. Таквата празнина во европската информативна мрежа може да ги наведе криминалните организации, како област во која ќе ги извршуваат своите незаконски активности, да ја изберат велика Британија. Се чини дека е пожелно Велика Британија да остане дел од EUROPOL, но тоа повлекува прифаќање на новата

регулатива на EUROPOL и соодветнафинансиска подршка, а исто така ќе биде спротивно на резултатот од британскиот национален референдум.

3. Заштита на податоци

Во правилникот за работа на EUROPOL донесени се пакет заштитни мерки за заштита на податоците кои се од огромно значење. Назначен е независен службеник за заштита на податоци кој соработува со европскиот супервизор за заштита на податоци. Исто така назначен е национален надзорен орган во секоја земја членка. Во меѓународната соработка на EUROPOL со земјите членки на ЕУ и меѓународни организации на земји партнери кои не се членки, се обработуваат оперативни податоци со кои EUROPOL помага во борбата против тероризмот и сериозниот криминал, како и нивно спречување.

Секое физичко лице, според регулативата на EUROPOL, има право да знае дали неговите лични податоци се обработени од страна на EUROPOL. Исто така може да бара бришење, корекција или ограничување на неговите податоци, во согласност со начелата за заштита на податоци.

EDPS е независниот орган за заштита на податоците на ЕУ и негова обврска е обезбедување законитост при обработката на податоците од страна на EUROPOL. EDPS во интеракција и соработка со националните надзорни органи, гарантира дека се наоѓа вистинската рамнотежа помеѓу централниот јавен безбедносен интерес и правата за заштита на податоците.

Во билатералниот договор меѓу EUROPOL и Република Северна Македонија ја има и взаемната обврска за размена на оперативни информации со лични податоци, но и нивна заштита. Во Република Северна Македонија функционира Одделението за EUROPOL при МВР. Преку тоа одделение Република Северна Македонија ги доставува личните податоци до EUROPOL. Двете страни имаат обврска за размената на иформации 24 часа, седум дена во неделата, без одложување. Во случај кога одредени податоци се ограничуваат, бришат или поништуваат, Одделението за EUROPOL при МВР е должно да го извести EUROPOL.

Исто така и EUROPOL доставува информации до Одделението за EUROPOL при МВР на РСМ и истите можат да се користат единствено за целта заради која се бараат.

Размената на податоци меѓу EUROPOL и Одделението за EUROPOL при МВР е регулирана со повеќе услови кои треба секогаш да бидат исполнети од двете страни. Некои од условите се следниве:

- Република Северна Македонија се обврзува, во рок од три месеци, да одговори дали доставените податоци од страна на EUROPOL се доволни и ја исполнуваат целта;
- Република Северна Македонија гарантира дека податоците нема да бидат доставени до трети држави, без претходно одобрение на EUROPOL;
- доставата да биде потребна за одредени случаи, со цел спречување и борба против кривичните дела;
- да се почитуваат сите услови поставени од EUROPOL, кои се однесуваат на користење на податоците;
- во барањето за доставување податоци да бидат содржани целта и причините за кои се бараат податоците;
- добиените податоци можат да се користат само за целта за која се бараат;
- доколку се утврди дека податоците се непрецизни, неажурирани или неточни, или доколку не постоела основа за нивно доставување, тие треба да се променат или збришат;
- неовластени лица немаат пристап до податоците;
- да се спречи неовластено читање, бришење, менување или умножување на податоците;
- да се спречи недозволено внесување, менување или бришење на лични податоци;
- точно да се знае кои лични податоци, кога и од кого биле внесувани во системите за обработка на податоци;
- инсталираните системи за обработка на податоци треба веднаш да бидат обновени во случај на прекин;

- функциите на системот за обработка на податоци да се извршуваат без грешка, ако се појави грешка во функциите, веднаш се пријавува и двете страни да бидат сигурни дека зачуваните податоци не може да бидат оштетени поради неисправноста на системот;
- системите за автоматска обработка на податоци не смеат да ги користат неовластени лица кои ја користат комуникациската опрема.

4. Оперативни акции на EUROPOL

Меѓународните координативни единици за спроведување на законот - International Law Enforcement Coordination Units (ILECUs), беа формирани за борба против транснационалниот организиран криминал во Југоисточна Европа, како и за подобрување на стратешка и оперативна полициска соработка, а со намера механизмите за соработка кои постоеја да бидат усогласени со:

- релевантните меѓународни прописи и стандарди;
- европските стандарди и легислатива;
- најдобрите пракси на државите членки на ЕУ.

Групирање на меѓународните контакт точки, како според географската близина, така и организциски, беше целта на проектот.

Проектот географски се прошири на Молдавија и Грузија, а првично во проектот беа вклучени: Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Хрватска, Србија и Албанија.

Преку напредок насочен на приспособување кон европските стандарди, за целосно да се подобри концептот „ Меѓународна полиција “ за 6 држави кориснички, потребно е:

- забрзување на постапките и квалитетот на истрагите;
- оперативно да се подобри соработката на контакт точките;
- заштита на лични податоци;
- ефикасност во судски постапки;
- размената на информации при меѓународни истраги;
- подобрување на човековите права.
- IT центри кои овозможуваат техничка достапност 24/7.

Неопходно било активности да се поделат на два дела.

Во едниот дел се:

- обука за реализирање на мерките за промени во целните држави;
- стратегија за активностите во иднина и предлози за следни проекти;
- контрола на времето за реализирање.

Во другиот дел се:

- Обуки;
- Студиски престои;
- Анализи на лице место;
- Иницирање и подготовка;
- Подигање на свесноста;
- Изработка на акциски планови;
- Подигање на свесноста.

Придонесот во организациска смисла е во 6-те држави да се постават национални контатакт точки за соработка со:

- царинска управа;
- странските офицери за врски;
- европска судска мрежа;
- гранична полиција;
- NCB – INTERPOL;
- EUROPOL;
- SECI
- Schengen;
- OLAF;
- FRONTEX.

Најзначајниот придонес на оваа иницијатива, во смисла на развивање на организациска структура гледано глобално е:

- борбата против организираниот криминал;
- подобрување на прекуграничната соработка;
- унапредување на соработката помеѓу полицијата и Јавното обвинителство;
- продолжување на напорите во регионалната борба против организираниот криминал.

INTERPOL и EUROPOL, беа иницијатори за проектот.

За формирање на (ILECUs) придонес имаа:

- INTERPOLAF;
- FRONTEX;
- германското BKA;
- SECI;
- EUROJUST.

Службата за криминалистичко разузнавање на Министерство за внатрешни работи на Австрија, беше одговорна за реализирање на договорот, заедно со Европската комисија.

Партнери на проектот се Министерствата за внатрешни работи на Романија, Словенија, INTERPOL и EVROPOL.

Со функционалното преземање на улогата на национална координативна единица за спроведување на законот (ILECU), од страна на Секторот за меѓународна полициска соработка во МВР на Република Северна Македонија, се овозможи спроведување на активностите и поефикасно координирање со меѓународните криминалистички полициски служби.

Со свои членови во меѓуресорската работна група за имплементација на проектот (ILECU), покрај Министерството за внатрешни работи, се застапени:

- финансиската полиција;
- Дирекцијата за заштите на лични податоци;
- Царинска управа
- Министерството за правда,
- Јавното обвинителство.

Како резултат на имплементација на (ILECUs) проектот, а потоа и на (DET ILECUs-II.) проект за Полициска соработка IPA 2008, соработката на Република Северна Македонија со меѓународните институции се интензивира во:

- трговија со дрога;
- превенција од тероризам;
- борба против организираниот криминал.

На 29.09.2009 година Владата на Република Северна Македонија ја усвои информацијата за Акциониот план за (ILECUs), на Јавното обвинителство и на Дирекцијата за заштита на лични податоци и им даде препорака за потребните мерки за реализација на активностите од акцискиот план, а за реализација на проектот како надлежни институции, беа задолжени работната групи на:

- МВР на Република Северна Македонија;
- Министерство за правда;
- Царинска управа;
- Финансиска полиција.

За Зајакнување на правните принципи и доброто владеење во Југоисточна Европа (ILECUs-III), во февруари 2013 година, започна нов проект во период на траење од 30 месеци, Службата за криминалистичко разузнавање на Австрија (ВК).

Проектот за цел имал:

- подобрување и унапредување на меѓународната, регионалната и националната соработка против транснационалниот организиран криминал;
- зајакнување на правната сигурност во целните земји, со стабилизација и проширување на мрежата на (ILECUs);
- имплементација на заеднички ЕУ стандарди.

Проектот имал за цел соработка и со обвинителствата, исто како и со останатите иницијативи во регионот кои содржат комплементарни цели.

Кориснички биле: Молдавија, Грузија, Србија, Украина, Република Северна Македонија, Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Косово.

1. Операција Пинар

Во ноември 2016 година, EUROPOL ги поддржала шпанските власти во разбивање на меѓународна криминална организација вклучена во криминал од интелектуална сопственост и перење пари. Во акцијата биле запленети околу 265000 производи како текстил, накит, часовници обувки, кожни производи и друго. Криминалната група користела софистицирана мрежа на фиктивни компании за перење на приходите од нивните криминални активности.

2. Операција Империум

EUROPOL во соработка со бугарските и шпанските правосудни органи и органи за спроведување на законот, разбиле голема бугарска организирана криминална мрежа осомничена за различни кривични дела, меѓу кои и премачкување на банкомати. При претрес на 40 куќи биле уапсени над 30 лица и биле откриени и демонтирани осум криминални лаборатории. Во акцијата биле запленети над 1000 уреди, компјутери, телефони, читачи на картички и пластични картички подготвени за кодирање.

3. Операција Онимус

Полициските служби ширум светот во кординација со EUROPOL, FBI, EUROJUST презеле заедничка акција против мрежата Tor. Акцијата имала за цел да ја спречи промоцијата, продажбата и дистрибуцијата на нелегални и штетни предмети кои се продавале онлајн на црните пазари. Биле уапсени 17 продавачи и администратори и запленети злато, сребро, дрога и биткоини во вредност од 1 милион американски долари.

4. Операција Кобра III

Операцијата Кобра III е досега најголемата координирана меѓународна операција насочена кон илегална трговија со загрозени видови. Било спречено шверцување на 12 тони слонова коска и над 120 рогови на носорог. Биле запленети над 11 илјади мртви и живи примероци и на 6 тони дрва, растенија и животински делови. Операцијата е започната во 2015 година, а во многу земји истрагите сеуште продолжуваат.

5. Операција Дунав II

Во 2017 година е започната операција координирана меѓу EUROPOL, Frontex и полициските служби на Унгарија, Романија, Хрвтска, Полска и други земји. Операцијата е насочена кон нелегални влезови и шверцерски активности долж балканската рута и на источната надворешна граница на ЕУ. Собрани се разознавачки информации со помош на кои ке се покренат истраги за лица осомничени за вмешаност во криумчарење мигранти. Во акцијата се приведени 7 шверцери на лица и над 1000 мигранти без валидни патни исправи. Откриени се над 20 украдени возила, шверцувани цигари, алкохол, дрога, како и нелегално оружје и муниција.

6. Ден на заедничка акција

Во текот на 2018 година, 8 прекугранични операции биле насочени кон меѓународен организиран криминал во областа на:

- трговија со луѓе;
- недозволена трговија со дрога;
- компјутерски криминал;
- недозволена трговија со оружје;
- измама со документи;
- перење пари;
- организиран имотен криминал.

EUROPOL ги поддржала Деновите за заедничка акција со безбедна размена на информации, оперативна координација, вкрстена проверка на податоци и оперативна анализа, но и поддршка на самото место.

7. Операција Опсон

Операцијата Опсон е заедничка операција на EUROPOL и INTERPOL. Цел на операцијата е лажна и супстандардна храна и пијалоци. За време на операцијата биле спроведени и европското и националното законодавство за заштита на правата на интелектуална сопственост и безбедноста на храната.

Глава 3

INTERPOL

1. Историја на INTERPOL

Најраниот обид за формална меѓународна полициска координација бил Полицискиот сојуз на германските држави, формиран во 1851 година, со цел да ги собере полицајците од различни држави од германско говорно подрачје.

Во април 1914 година, за прв пат бил направен обид да се формира меѓународна криминална полициска организација. Принцот Алберт од Монако ги поканил водечките адвокати, полицајци и адвокати од целиот свет на „Првиот меѓународен конгрес за криминалистичка полиција“ во Монако. На овој конгрес присуствувале 185 мажи и 3 жени од 25 земји. Дошле делегации од Монако, Швајцарија, Австрија, Белгија, Италија, Бразил, Бугарија, Куба, Данска, Германија, Ел Салвадор, Франција, Велика Британија, Персија, Гватемала, Мексико, Португалија, Романија, Русија, Србија, Шпанија, Турција, Унгарија и САД.

Делегатите дале бројни предлози, разговарале за унифицираното меѓународно криминално досие и униформа, како и за брзата постапка за екстрадиција. Постапката за екстрадиција треба да важи за сите земји учеснички. По завршувањето на настанот, делегатите се согласиле на уште една средба во август 1916 година. Првата светска војна била причина тоа да не се случи.

Дури во 1923 година, на вториот меѓународен конгрес на криминалистичката полиција во австриската престолнина, била преземена нова иницијатива од началникот на полицијата во Виена, Др. Јохан Шобер и полициски началници од целиот свет. На средбата присуствувале високи делегати од Египет, Данска, Германија, Фиме, Франција, Грција, Холандија, Италија, Јапонија, Југославија, Латвија, Полска, Романија, Шведска,

Швајцарија, Чехословачка, Турција, Унгарија и САД. Фокусни точки на конгресот биле меѓувладината административна помош на безбедносните органи, борбата против меѓународниот криминал, екстрадицијата и протерувањето на криминалците како и воведувањето на меѓународна „лингва франка“ за полицијата. На последниот ден биле избрани членовите на постојаната „Меѓународна криминална полициска комисија во Виена - IKPK“ („Commission Internationale de Police Criminelle“) – директен претходник на INTERPOL. Виена била избрана за седиште на новата институција. Првиот претседател бил Др. Јоханес Шобер, а за Генерален секретар бил избран Др. Оскар Дреслер. Во Полицискиот штаб во Виена била формирана „Меѓународна канцеларија“. Според деловникот, главната цел на ИКПК била: „Обезбедување и организирање на најголема можна меѓусебна административна помош на сите безбедносни органи во рамките на законите кои постојат во одделните држави и грижа за создавање и организација на сите институции кои се погодни за успешно структуирање на заедничката борба против секој вид криминал“. Во овој деловник се основни два принципа што важат и денес:

- резервацијата на националното право и
- ограничувањето на соработката на прекршоци според кривичното право.

Десет години по основањето на INTERPOL, колекцијата на криминални досиеја на комисијата веќе опфаќала над 3.200 меѓународно активни криминалци. Преземањето на власта од страна на националсоцијалистите во Австрија во март 1938 година довело до промени во меѓународната криминална полициска организација. По смртта на шефот на виенската полиција и претседател на ИКПК, Ото Штајнхаусл во 1940 година, заменикот на Химлер, Рајнхард Хајдрих ја презел функцијата претседател на ИКПК. Тој го преселил седиштето на комисијата во Берлин и ИКПК била подредена на Главната безбедносна канцеларија на Рајхот како Оддел V. Кон крајот на Втората светска војна, активностите на Комисијата застанале.

Во јуни 1946 година, на 15-то Генерално собрание во Брисел во присуство на 17 делегации, ИКПК била повторно „оживеана“ од страна на делегата од Франција, Велика Британија, Белгија и Скандинавија. На Генералното собрание, делегатите одлучиле да ја користат кратенката INTERPOL. Тогаш седиштето на INTERPOL било преместено во Париз.

Во 1956 година, Виена била местото на одржување на 25-то Генерално собрание. Делегатите донеле нови статути кои, освен некои мали измени, важат и денес. Името било променето во Меѓународна организација за криминалистичка полиција – IKPO (L'Organisation Internationale de Police Criminelle).

Од 1967 година седиштето на INTERPOL било во париско предградие Сен Клауд, до 1989 кога било преместено во Лион (Франција), каде е и денес. Во ноември 2004 година, била формирана канцеларија за врски на Интерпол во Обединетите нации во Њујорк. Во Сингапур, Глобалниот комплекс на Најраниот обид за формална меѓународна полициска координација бил Полицискиот сојуз на германските држави, формиран во 1851 година, со цел да ги собере полицајците од различни држави од германско говорно подрачје.

INTERPOL не е оперативно тело и затоа нема свои извршни тела. Суверенитетот на земјите-членки е зачуван бидејќи вработените во INTERPOL немаат извршни права во друга земја. Соработката се одвива во духот на Универзалната декларација за човекови права. Подлежи на забрана за каква било дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, пол, јазик, религија или политичко мислење. Дополнително, мора да се почитува принципот на еднаквост и принципот на презумпција на невиност.

Главните одредби на Статутот на INTERPOL се:

- да се обезбеди и понатамошно развивање на најширока можна меѓусебна поддршка на сите криминални полициски органи во рамките на законите што се применуваат во поединечните земји и во духот на „Универзалната декларација за човекови права“;
- да се создадат и прошират сите институции кои можат ефективно да придонесат за спречување и сузбивање на кривичните дела според вообичаеното кривично право;
- на организацијата и е забранета каква било интервенција или активност од политички, воен, верски или расен карактер.

Во официјалната изјава на INTERPOL се вели:

„Нашата улога е да ги собереме и мобилизираме полицајците од целиот свет да работат заедно за да го направиме светот побезбедно место на владините агенции за борба против криминалот од 21 век. Нашата цел е да ја олесниме меѓународната полициска соработка дури и кога нема дипломатски односи меѓу одредени земји“.

INTERPOL е ангажиран во меѓународна потрага по криминалци, се бори против организираниот криминал, трговијата со луѓе и дрога, тероризмот и се бори против економскиот криминал, компјутерскиот криминал, ширењето на детска порнографија и организирањето „бордел“ и други незаконски дејствија.

Организацијата има сложен сет на правила според кои, агенцијата не може да дејствува на политичко, воено, верско или расно ниво. Таа денес е светска криминална полициска организација со моментално над 190 земји-членки од кои е и финансирана. Исто така, работи со шест регионални канцеларии во Аргентина, Камерун, Зимбабве, Кенија, Брегот на Слоновата Коска и Ел Салвадор, канцеларија за врски во Бангкок и претставништва во Обединетите нации во Њујорк и Европската унија во Брисел.

Во ерата на глобалното вмрежување, Генералниот секретаријат на INTERPOL станува сè поважен како место за собирање на меѓународни бази на податоци. Како информативна и комуникациска платформа, INTERPOL ги вмрежува националните полициски власти. Пристапот низ целиот свет до важни информации за луѓе, украдени или изгубени патни исправи, моторни возила и уметнички дела е наменет да помогне во спречувањето и решавањето на злосторствата. Целта е да се зголеми ефикасноста во борбата против меѓународниот криминал и тероризам. Истражувањето, како и образованието и обуката гарантираат униформирани стандарди за квалитет ширум светот. За специјални меѓународни настани како што се големи спортски настани, но и за природни катастрофи или терористички напади, INTERPOL ја обезбедува соодветната земја-членка со соодветни експерти.

2. Цели на INTERPOL

INTERPOL во однос на правниот статус е составена од службени органи на полицијата, определени од матичните држави.

Прашање е дали INTERPOL е меѓувладина организација, ако државите не се членки.

Има повеќе аргументи за тоа:

- Во работата на Генералното собрание шефовите на делегациите ги именува владата;
- Во активностите на INTERPOL, без согласност на нивните влади не може да земаат учество органите на полицијата;
- Од буџетот на државите се исплаќа котизацијата итн.

Главните цели во Статутот на INTERPOL се:

- Формирање на институции, кои можат да придонесат во превенцијата и репресијата на кривичните дела;
- Давањето помош на сите органи на криминалистичката полиција, во согласност со Универзалната декларација за правата на човекот, а во рамките на законите на државите.

3. Органи на INTERPOL

Органи на INTERPOL се:

- претседателот;
- генералниот секретаријат;
- извршниот комитет;
- националните централни бироа;
- генералното собрание.

Согласно со член 15 од статутот на INTERPOL на Генералното собрание се избира Извршниот комитет, во чиј состав влегуваат: девет делегати од различни региони на INTERPOL, претседателот и тројца потпретседатели. Тројца делегати се од Европа, а по двајца делегати се од американските континенти, Азија и Африка. Потпретседателите на Извршниот комитет се бираат од останатите географски области, во зависност од тоа од која географска област е избран претседателот. Делегатите се избират на тригодишен, а претседателот на четиригодишен мандат. Претседателот на организацијата ги закажува седниците на Извршниот комитет, кој по правило се состанува три пати годишно.

Работата на Генералниот секретаријат е огромна, сложена и опфаќа разновидни активности:

- објавување на научна, стручна и оперативна литература;

- размενување на информации;
- соработка со меѓународните и националните служби за истражувањето на криминалот;
- во борбата против општиот криминал функционирање како меѓународен центар;
- реализирање на одлуките на на Извршниот комитет и Генералното собрание.

Генералниот секретар, техничкиот и административниот персонал, ги остваруваат оперативните активности во Генералниот секретаријат. Со Секретаријатот именуван од Генералното собрание со можност за повторен избор раководи Генералниот секретар за време од пет години.

Според статутот персоналот на Секретаријатот и Генералниот секретар се независни, не смеат да работат по инструкции и да се советуваат со владите на државите што ги делегираат.

Според член 22 од статутот на INTERPOL, надлежноста на Извршниот комитет се состои во:

- контрола врз работата на администрацијата, со која раководи генералниот секретар;
- контрола дали одлуките донесени од Генералното собрание се извршуваат;
- подготовка на дневниот распоред за седниците на Генералното собрание.

Националните канцеларии на INTERPOL се национални централни бироа (NCB). Намената им е да овозможат контакти меѓу NCB и INTERPOL, меѓу две или повеќе NCB и меѓу националните полициски служби во матичната земја.

Како единствена полициска служба за меѓународна соработка на определена земја, секоја држава членка на INTERPOL е претставувана од едно NCB, независно од големината, уредувањето и економската сила.

Секое NCB на INTERPOL работи врз основа на два основни принципи:

- почитување на законската регулатива на сопствената држава;
- почитување во меѓународната криминалистичка соработка на суверенитетот на другите учесници.

Во извршувањето на меѓународната соработка за борба против транснационалниот и друг криминал, NCB се координатори и посредници.

Различна е улогата кои ја имаат NCB, така да тие:

- извршуваат препораки на INTERPOL;
- соработуваат со Генералниот секретаријат на INTERPOL и со други земји;
- разгледуваат актуелни практични криминалистички проблеми во својата земја, за кои е битно да даде мислење и INTERPOL;
- водат централна криминалистичка евиденција за меѓународни кривични дела и деликвенти;
- пренесуваат барања за меѓународна соработка до службите на други земји секаде ширум светот од полициските служби на сопствената земја;
- до полициските служби во сопствената држава пренесуваат странски барања за меѓународна соработка и сл.

Со исклучок на Франција, сите земји членки го употребуваат името на седиштето на националното централно биро, во меѓусебната комуникација.

Поради тоа што седиштето на INTERPOL е позиционирано во Лион во Франција, NCB на оваа земја го користи името NCB – Франција.

Како телеграфска адреса Република Северна Македонија го користи следното име: NCB - Скопје.

На државите членки седиштата на NCB се наоѓаат во главните градови.

Исклучок е NCB – Визбаден, кое е седиште на INTERPOL на СР Германија.

Секоја држава поединечно ја уредува својата организациона структура на NCB, во зависност од тоа како се организирани нејзините безбедносни служби, политичкото уредување и големината.

Експерти од различни сфери се Советниците, кои ги потврдува Генералното собрание, а ги определува Извршниот комитет на INTERPOL, со мандат од три години и со можност за неограничен повторен избор.

Генералното собрание е составено од делегати на земјите членки и е највисок орган. Во форма на резолуции своите одлуки генералното собрание ги донесува еднаш годишно. За прашања што се во надлежност на организацијата генералното собрание упатува препораки до членките, донесува програми за работа, ги определува мерките за остварување на целите и основните принципи на дејствување на организацијата. Исто така од Генералното собрание за време од 4 години се избира Извршен комитет, со кој претседава претседателот на организацијата. Извршниот комитет ја контролира работата на Генералниот секретаријат и извршувањето на одлуките на Генералното собрание и се состанува по правило два пати годишно. [2]

4. Патна исправа на INTERPOL

Поради експедитивно делување во борбата за сузбивање на криминалот, а со цел непречено да патуваат во државите членки, на INTERPOL-службениците им се издава патна исправа, наменета за олеснување на патниот процес.

Од страна на Извршниот комитет во март 2009 година, предлогот на INTERPOL за патна исправа беше одобрен и во ноември 2010 година, на 79-тото Генерално собрание во Доха,беше едногласно ратификувана од страна на земјите членки на INTERPOL.

[2] В. Полициска соработка во Европа, Безбедност, 1984/2 (187)

Офицерите на INTERPOL уживаат посебен емиграциски статус при службено патување во државите членки и нив им се одобруваат патни исправи, кои се состојат Е – лична карта за идентификација на носителот, Е пасош и книшка.

5. Основна работа на INTERPOL

Основната работа на INTERPOL како меѓународна организација е размена на полициски информации за кривични дела што опфаќаат повеќе од една држава. За да се започне со размената на информации за некое кривично дело, потребно е сторителот или последицата да опфатат територија на држава која е членка на INTERPOL.[3]

Секогаш најважна активност на INTERPOL, претставува развојот на информациски и телекомуникациски систем.

Во 1998 година е воведен Електронски систем за обработка на податоци, под името Interpol Criminal information system (ICIS), во рамките на Генералниот секретаријат.

Прецизното водење на базите на информации во делокругот од работата на INTERPOL се овозможени со ICIS.

Со воведувањето електронски комуникациски систем 1-24/7 во 2002 година, INTERPOL ја организирал оваа активност добро и се овозможува 24-часовна комуникација на принципот на интернет.

Систематизирањето на податоците за криминалистичко работење за: финансиските дела, корупцијата, еколошките дела, компјутерските дела, трговија со бело робје и деца, недозволената трговија со наркотици, потрагата по предмети и лица, тероризам и други видови на кривични дела, во базите е према линискиот прицип.

[3] 1Interpol travel document initiative – 2013

Системот овозможува непосредни комуникации најмалку помеѓу две или сите држави членки на глобален план.

Генералниот секретаријат на INTERPOL може да биде запознаен со содржината на информацијата од непосредната комуникација на најмалку две држави членки, групирани по зони или глобално.

Предводен од страна на Генералниот секретаријат, системот овозможува непосредна комуникација помеѓу електронските бази на податоци на кое било NCB со ICIS. Пребарувањето во која било база од ICIS, како и складирањето податоци за предмети и лица, кои покасно ќе им бидат на располагање на сите земји членки, може да се врши преку компјутерската станица инсталирана во NCB.

За кратко време NCB може националната потрага за некое ПМВ да ја пренасочи до одредена зона или на меѓународен план до сите држави членки на INTERPOL, или да провери дали е предмет на меѓународна потрага распишана од друга држава.

Во членот 3 од статутот на INTERPOL, е регулирано полето на меѓународна соработка, кој забранува вклучување на организацијата во активности поврзани со расна, религиозна, воена или политичка природа.

Меѓу државите членки на INTERPOL, соработката е на доброволна основа. Меѓународна криминалистичка помош и размената на информации зависи од одлуката на секоја држава, дали ќе постапи или нема да постапи по некое барање.

6. Меѓународна потрага по предмети и лица

Меѓународната потрага односно оперативно заживување во праксата со развојот и стандардизација на техниките, била главната тема на која разговарале делегатите на Првиот меѓународен конгрес на судската полиција. Меѓународната потрага може условно да се подели на потрага по предмети и лица.

Главна улога во работата на INTERPOL како систем за меѓународна соработка е Меѓународната потрага по предмети и лица.[4]

6.1 Меѓународна потрага по лица

Системот за меѓународни потерници и објави познати како ноти на INTERPOL, кој се користи за размена на информации на националните полициски служби на државите членки е обврска на INTERPOL.

Во размена влегуваат информации за:

- исчезнати лица;
- украдени предмети;
- податоци за Modus operandi;
- можни закани;
- неиндентификувани трупови;
- лица што треба да издржуваат повисока затворска казна;
- лица што се бараат екстрадиција поради извршено потешко кривично дело.

На барање на Хашкиот суд и NCB овие ноти INTERPOL ги издава четирите службени јазици: шпански, арапски, англиски и француски.

Од службите на Генералниот секретаријат на INTERPOL можат да бидат издадени нотите кои се однесуваат на дистрибуција на МОС податоци.

Системот на потраги на INTERPOL се состои од потрага по кодирани броеви што се објавуваат за одредена цел т.н. дифузија што може да се објави за повеќе цели.

[4] Методија Ангелевски, „Вовед во криминалистиката“, Скопје, 2007 (128-130)

Логото на потерниците или нотите на INTERPOL е со различна боја: жолта, портокалова, црвена, зелена, сина, виолетова и црна.



сл.1 Лого на жолта потерница или нота на INTERPOL

Жолтата потерница или нота се распишува за пронаоѓање исчезнати лица или лица што не се во можност да дадат податоци за својот идентитет. Таа содржи информации врз основа на кои е можно да се идентификува лице. Кога се работи за пронаоѓање на исчезнат малолетник, државата во која е пронајден малолетникот, ќе ја извести NCB што ја започнала потрагата, ќе го стави малолетникот на грижа на надлежните институции и веднаш да го известат најблиското дипломатско или конзуларно претставништво на државата која ја објавила потерницата или нотата.



сл.2 Лого на портокалова потерница или нота на INTERPOL

Портокаловата потерница или нота се распишува кога се работи за предмети. Се користи за предупредување на полицијата и безбедносни служби на аеродроми и други локации каде што се собираат голем број луѓе, за можна закана кон нив со експлозивни направи, скриено оружје и други средства.



сл.3 Лого на црвена потерница или нота на INTERPOL

Црвената потерница или нота се распишува за потрагата по лица што се бараат заради спроведување на кривична постапка или поради издржување на казна затвор. Со започнување на работата на судовите за поранешна Југославија и Руанда, се користат црвените потерници или ноти за пронаоѓање и лишување од слобода на лица замешани во вршење кривични дела против човековите права и меѓународното право.

Црвената потерница или нота ги содржи следниве информации за лицето:

- информации за физичкиот изглед;
- информации од надлежните судови за санкцијата што треба да ја издржува или кривичното дело;
- информации за утврдување на индентитетот;
- информации за документи за индентификација и нивните сериски броеви, занимање, дали, колку и кои јазици ги зборува;
- отпечатоци од папиларни линии и фотографија, ако му се достапни на NCB што побарало да се издаде потерница.

Ако се пронајдат, лицата се апсат и се екстрадираат.



сл.4 Лого на зелена потерница или нота на INTERPOL

Зелената потерница или нота се распишува за сторители на кривични дела во три или повеќе држави.



сл.5 Лого на сина потерница или нота на INTERPOL

Сината потерница или нота се распишува за обезбедување на дополнителни информации за идентитет на лице или кривично дело. Податоците што се внесуваат во сината потерница или нота се идентични со податоците на црвената.



сл.6 Лого на виолетова потерница или нота на INTERPOL

Виолетовата потерница или нота се распишува за обезбедување информации за објекти, уреди, засолништа користени од страна на криминални групи и модус операнди.



сл.7 Лого на црна потерница или нота на INTERPOL

Црната потерница или нота се распишува за идентификација на непознати трупови. Внесената црна потерница или нота се споредува со податоците од жолтата.



сл.8 Лого на специјална потерница или нота на INTERPOL

Специјалната потерница или нота ја распишува INTERPOL по иницијатива на Советот за безбедност на Обединетите нации, за потрага по сторители на терористички акти. Карактеристични се по тоа што од државите членки се бара воведување санкции за набавка на оружје, забрана за патување и замрзнување на сопственоста на поединецот или нивните групи.[5]

Бидејќи за распишување на црвена потерница или нота потребно е подолго време, од 1990 година (кога за прв пат е воведен електронскиот комуникациски систем x 400) со цел да се забрза потрагата по лице кое се бара заради екстрадиција NCB може да ја распишат по таканаречената „дифузија“, со електронска пишана порака која може да биде испратена до одредена област или до сите држави членки.

Со исклучок на папиларни линии и фотографија таквата потерница ја сочинуваат сите погоре наведени елементи како и црвена потерница или нота.

Со приложување на папиларни линии и фотографија од Генералниот секретаријат NCB кое распишало ваква „дифузија“, може директно да побара да се издаде црвена потерница или нота.

Во 1946 година е издадена првата црвена потерница или нота за потрагата по лица, а само три години подоцна жолтата потерница или нота за пронаоѓање на исчезнат малолетник.

[5] Interpol fact sheet – International notices system

6.2 Црвена потерница или нота на INTERPOL

Кога земјата членка на INTERPOL ќе побара издавање на потерница или нота, а не ги доставила потребните информации, Генералниот секретаријат е ограничен во издавањето црвена потерница или нота со одлука донесена од Генералното собрание. Од земјата членка на INTERPOL ќе биде побарано да ги обезбеди и достави потребните информации. Бидејќи за пополнување на барањето за издавање црвена потерница или нота се користат посебни обрасци изготвени од Генералниот секретаријат, во пракса ваквите случаи се доста ретки. Во членот 3 од статутот на INTERPOL, е регулирано полето на меѓународна соработка, кој забранува вклучување на организацијата во активности поврзани со расна, религиозна, воена или политичка природа, така ако барањето за издавање црвена потерница или нота не е во согласност со овој член Генералниот секретаријат има право да го одбие. Генералниот секретаријат развива стратегија за скратување на времето за издавање потерница или нота, што е овозможено со воведувањето на новиот телекомуникациски систем 1-24/7, кој овозможува и електронска трансмисија на папиларни линии и фотографии, ако се земе дека потерница или нота што ги издава Генералниот секретаријат најчесто се однесуваат на терористи или други насилни криминалци. Така по електронски пат целосно комплетираната потерница или нота може да биде испратена до сите земји членки.

6.3 Меѓународна потрага по украдени предмети

Меѓународно организираните криминални групи со добра заработка и не голема опасност често ги извршуваат следните кривични дела: фалсификувањето пари и документи, кражби на моторни возила и кражби на предмети со историска и уметничка вредност. Границите на државите не претставуваат сериозна пречка за неконвенционалниот криминалитет. Повеќето кривични дела се извршуваат на територијата на две или повеќе држави.

6.4 INTERPOL во борбата против кривичните дела со моторни возила

Во кривичните дела поврзани со моторните возила спаѓаат: возила кои не можат да се легализираат заради неисполнување на законски прописи за регистрација, фалсификувањето на документација за да се докаже сопственоста и за управување на возилото, трговија со украдени возила и кражбите на моторни возила.

Во борбата против украдените возила од државите членки на INTERPOL е вклучен Генералниот секретаријат преку координирање на интерактивна електронска база на податоци за моторни возила (АЦФ-СМВ).

Државите членки сами внесуваат податоци за украдени моторни возила за кои сметаат дека националната потрага треба да прерасне во меѓународна, преку работната станица инсталирана во NCB на телекомуникацискиот систем на INTERPOL.

Секоја држава членка самостојно ги создава критериумите кои се однесуваат на вредноста и староста на возилото, врз основа на кои одлучува која национална потрага ќе стане меѓународна.

Државата членка има право и обврска преку оваа база да ги проверува возилата за кои има сомнение дека се крадени, покрај внесувањето податоци за возила украдени на нејзината територија.

При постапката на регистрацијата на возилата купени од „втора рака“, земјите членки на INTERPOL и Република Северна Македонија, ја употребуваат оваа база за проверка на легалноста и автентичноста.

6.5 INTERPOL во борбата против кражбите на уметнички предмети

Голема е заработката на сторителите на кривични дела, како што се недозволената трговија со артефакти, кражбите на предмети со историска и уметничка вредност. Потенцијално место на ваквите кривични дела е и Република Северна Македонија, бидејќи има многу вакви предмети. Италија и Франција, гледано од аспект на тоа со колкаво културно наследство располагаат, според INTERPOL се најзагрозени земји.

Во 1947 година од страна на INTERPOL е распишана првата потерница или нота за украден предмет со културна вредност. Денес како најзагрозена земја на ваков вид кривични дела е Ирак, а причина за тоа се воената криза и големото богатство со археолошки предмети.

Постери на барани предмети со историска и уметничка вредност издава INTERPOL. На барање на NCB на одредено време INTERPOL издава компакт-диск на кој се внесени предмети со историска и уметничка вредност. Се внесува детален опис со фотографија за секој предмет доколку е достапна.

Секој на интернет страницата на INTERPOL може да ги прегледа најбараните предмети со историска и уметничка вредност. Преку интернет страницата на INTERPOL може да се купи базата на податоци која е внесена на компакт-диск.

6.6 INTERPOL во борбата против недозволената трговија со дрога

Главна задача на INTERPOL борбата против трговијата со дрога, со која се занимаваат добро организирани меѓународни криминални организации.

INTERPOL има специјализиран поддиректорат во склоп на Директоратот за борба против недозволена трговија со дрога.

Работата на овој поддиректорат опфаќа:

- соработка со регионални и меѓународни организации како и агенции на ООН чија работа е борбата против недозволената трговија со дрога;
- усогласување на меѓународните истраги за недозволената трговија со дрога;
- во врска со злоупотребата на наркотични средства на глобален план, следење и контрола на ситуацијата;
- собирање;
- проучување и распоредување на информации за недозволена трговија со дрога;
- спроведување.

За да се зголеми размената на информации и меѓусебната соработка во борбата против недозволената трговија со дрога, поддиректоратот организира работни состаноци на експерти помеѓу две или повеќе држави членки.

Со намера да се зголеми довербата за споделување на информации, поддиректоратот организира повремени и редовни регионални и глобални состаноци на кои се дискутира за најновите начини на истрага на кривични дела поврзани со дрога.

Поддиректорат за потребите на NCB, Извршниот комитет на INTERPOL и Генералното собрание, како главен извор ги користи техничките и професионалните совети поврзани со дрогата.

7. INTERPOL во борбата против тероризмот

Постои можност да се јави сомнеж дека ќе се создаде судир во работата поради политичката природа на тероризмот и постапувањето според одредбите на членот 3 од статутот, кога се зборува за теророристичкиот и за постпувањето од страна на INTERPOL.

Во 1985 година во Вашингтон во составот на тогашната дивизија за полиција е донесена одлука за основање специјална група во рамките на тогашната дивизија за полиција поради тешките последици што ги предизвикуваат терористичките активности.

Денеска поддиректоратот за тероризам и јавна безбедност, делува во подрачјата поврзани со:

- средства за масовно уништување;
- пиратство на море;
- експлозиви и огнено оружје;
- закани и напади на цивилна авијација;
- тероризам.

Во организација на INTERPOL се одржуваат разни средби и конференции на авторитети вклучени во борбата против тероризмот. INTERPOL контактира со многу меѓународни организации кои работат на полето на оваа проблематика.

Споделувањето на информации на глобално ниво и ослободувањето на националните полициски служби да споделуваат информации, е главната улога на INTERPOL во борбата против тероризмот.

8. INTERPOL во борбата против поткупот (корупцијата) и финансискиот криминалитет

На глобално ниво во пораст се финансиските кривични дела кои се на штета на националните економии. На меѓународно ниво одговорен за борбата против оваа појава е Одделот за борба против финансискиот криминалитет во Генералниот секретаријат. Улогата на INTERPOL е да осигури помош при вршење истраги за извршени финансиски кривични дела на регионално и меѓународно ниво.

Работите што се прават од INTERPOL за спречување на финансиските кривични дела се поделени на:

- имитација (фалсификување) на кредитни картички;
- кривични дела против интелектуалната сопственост;
- имитација (фалсификување) пари;
- перење пари.

Во растурањето на организираните меѓународни криминални организации од страна на INTERPOL има донесено резолуции со кои се одважуваат членките на взаемно споделување на информации од областа на борбата против перењето пари.

Важно е склучување на билатерални договори за соработка со земјите со коишто не врзуваат кривичните дела од областа на поткупот (корупцијата), како и одржување на врски со меѓународните полициски организации EUROPOL и INTERPOL, за што е потребно да се посетуваат обуките, семинарите и меѓународните конгреси.[6]

INTERPOL има голема улога во борбата против имитацијата (фалсификувањето) на пари кои им наштетуваат на економиите на земјите членки. INTERPOL испраќа водичи до членките со вистинскиот лик на парите кои ги користат државите, како и какви заштити од имитација имат. За препознавање на имитацијата (фалсификувањето) на пари и за одредување на местото каде е направена имитацијата INTERPOL има современа криминалистичко-техничка лабораторија.

[6] Доц. д-р Миодраг Лабовиќ, „Власта корумпира“, Скопје, 2006, стр. 456

9. Криминалистичко-технички области на INTERPOL

Во INTERPOL има професионални тимови за следните криминалистичко-технички области:

- меѓународен преглед на криминалистиката полиција (Revue Internationalede police criminalle) кое е службено гласило на INTERPOL и се издава месечно на германски, француски и англиски јазик, каде се анализираат прашањата поврзани со кривичните дела; [7]
- утврдување (идентификација) на жртви во огромни несреќи (ДНК и дактилоскопски вештачења).

10. Соработка на на Република Северна Македонија со INTERPOL

До денот на осамостојувањето на Република Северна Македонија на 08.09.1991 година, соработката на безбедносните служби во времето од Втората светска војна се одвивала во рамките на тогашната СФРЈ преку NCB INTERPOL - Белград. Само Југославија и Романија останале членки на INTERPOL за време на Студената војна, сите други источноевропски социјалистички држави го прекинале своето членство. Од времето на осамостојувањето до септември 1992 година, кога на 62 Генерално собрание во Аруба станува рамноправна членка, Република Северна Македонија има едногодишен вакум во соработката со INTERPOL. Меѓународната размена на информации до 1995 година била во надлежност на Управата за криминалистичка полиција во чиј состав бил Инспекторатот за потраги.

Одделение за потраги и соработка со INTERPOL се основа во 1995 година во состав на Службата на криминалистичка полиција при Секторот за општ криминалитет.

[7] Парафразирано врз основа на Методија Ангелевски, „Вовед во криминалистиката“, Скопје, 2007

Работно место офицер за врски со INTERPOL за прв се воведува во Одделение за потраги и соработка.

Со натамошната реорганизација на МВР во почетокот на 1999 година Одделението за потраги и за соработка со INTERPOL, кое било во состав на службата за криминалистичка полиција при МВР, прераснало во самостојна Управа за INTERPOL, со што се створиле подобри услови за работа.

Со тоа во работењето на INTERPOL - Скопје за прв пат:

- формирана е централна картотека во работењето на Управата за INTERPOL;
- утврден е линискиот начин на криминалистичко работење;
- за водење на евиденции од сверата на меѓународната полициска соработка воведен е административен дел за следење на работењето.

Таа година бил поставен современ софтверски систем за компјутерска обработка на информации и внатрешна инсталација во Управата за INTERPOL.

Управата на INTERPOL во октомври 1999 година го сменила името во Управа NCB - INTERPOL - Скопје. Како еден од нормативите на INTERPOL, тогаш се воведува и работно место офицер за телекомуникации и информатика.

Во 1999 година со црвена потерница или нота, односно меѓународен налог за потврда е издаден првиот регистар на барани лица.

Воведен е прецизен приод во нивното регистрирање и распишување, заради лични и технички ограничувања во издавањето на регистарот на потерници, распишани према црвена потерница или нота и „дифузија“. Во регистарот се внесувани само лица кои се барани и се од некоја од соседните земји на Република Северна Македонија, поради немање техничка можност да се рапределува по електронски пат. Во 1999 година е издаден и регистарот на кадени моторни и патнички возила.

Во 2000 година Управата NCB - INTERPOL - Скопје немала битни промени во организацијата, само го променила името во Сектор NCB - INTERPOL – Скопје, во однос на целосното преуредување на МВР. Дека INTERPOL - Скопје работи на многу високо ниво, од страна на невладини меѓународни комисии е констатирано истата година, со проектот за оценка на работата на NCB. Само 3 од 19 европски нормативи за работа на NCB во Европа не биле исполнети од страна на Секторот NCB - INTERPOL – Скопје, односно малиот број вработени лица била реалната основа да не се исполнат истите.

Во организационата структура на NCB - INTERPOL – Скопје, во 2002 година се направени повторно промени.

Со најновите промени Сектор за меѓународна полициска соработка работи како независен, и е составен од три дела:

- офицери за контакт со Schengen, Seki и EUROPOL;
- одделение за INTERPOL;
- одделение за телекомуникација и администрација.

Помеѓу 400 вработени лица во седиштето на INTERPOL во Лион – Франција, од вкупно 180 држави членки од 01.12.2003 година Република Северна Македонија стана една од 56 земји кои имаат свои претставници.

Во работата на поддиректоратот за форензична поддршка и за специјални дата бази на МОКП- INTERPOL, на работно место офицер-специјалист за идентификација на жртви во масовни катастрофи е избран криминалистичко-технички експерт од МВР на Република Северна Македонија.

Во INTERPOL - Скопје во 2004 година Телекомуникациски систем познат како x 400, е заменет со новиот систем за телекомуникации 1-24/7.

Области на криминалот кои ги обработува NCB INTERPOL – Скопје се следните:

- високо технолошки и финансиски криминал;
- бегалци;
- оружје и дрога;
- украдени моторни возила;
- тероризам и јавна безбедност;
- организиран криминал;
- трговија со луѓе.

За Одделот на организиран криминал INTERPOL - Скопје има обезбедено директна достапност до сите кривични бази на информации на INTERPOL, со намера да се зајакне националната безбедност. [8]

Во составот на Одделот на организиран криминал влегуваат:

- оружје и дрога;
- криминолошки науки;
- насилен криминал;
- финансиски криминал;
- трговијата со луѓе.

Достапност имаат добиено и националните гранични премини како и регионалните одделенија во чиј делокруг на работни активности спаѓа и проблематиката за миграцијата. Целта е да се зголеми достапноста до базите на информации на INTERPOL.

[8] Методија Ангелевски, „Вовед во криминалистиката“, Скопје, 2007, стр. 143-146

Во поглед кон меѓународната полициската соработка во септември 2014 година за време на посетата на генералниот секретар во седиштето на INTERPOL – Лион, Франција, директорот за јавна безбедност на МВР ја потенцирал посветеноста на Република Северна Македонија. Директорот за јавна безбедност при МВР на Република Северна Македонија на состанокот со генералниот секретар на INTERPOL со средиште на трговијата со нелегална стока, организираниот криминал и граничното управување, а со цел да се помогне при справувањето со главните закани на криминал со кои се соочува една земја, бил запознаен со последните достапни глобални услуги и алатки.

Глава 4

ЗАКОН ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНАТА МАТЕРИЈА

На денот кога започна примената на Законот на кривичната постапка (ЗКП), започна да се применува и Законот за меѓународна соработка во кривичната материја (ЗМСКМ), кој што ги регулира условите и постапката за давање на меѓународната соработка. Со процесен закон постапката и условите на давање на меѓународната правна соработка во кривичната материја се регулира одделно за прв пат во нашата земја.

Меѓународната правна соработка во кривичната материја на нашата земја беше уредена во рамките на дотогашниот ЗКП во одделни поглавја, каде што детално беше регулирано постапувањето на обвинителството и судот во постапката за екстрадиција на осудени и обвинети лица, каде беа опфатени сите сегменти на постапката до денот на почетокот на примената на овој закон. Детално појаснување на условите и постапката немаа: постапката за давање меѓународна правна помош, извршување на меѓународните договори во кривично правните предмети, постапката на трансфер на казнени постапки и постапката за трансфер на осудени лица. Условите за постапување по барањата се црпеа од соодветните конвенции, во пракса се користеше регулираната екстрадициона постапка како образец за другите постапки, со цел да се надмине таквиот недостаток.

Повеќето од проблемите на кои што наидуваа се надминаа со новиот ЗМСКМ. Новините како на пример скратена постапка за екстрадиција се внесоа во постапката за екстрадиција, ова од причина што постапките на трансфер на кривична постапка како и по поднесена замолница овој закон целосно ги уредува условите и постапката за давањето на меѓународната соработка во кривичната материја.

Согласно општите правила диктирани од страна на релевантните конвенции, условите за постапување во сите погоре наведени постапки ги регулираше комисијата која постапуваше во креирање на овој закон.

На 2 април 2021 година Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за меѓународна соработка во кривичната материја. [9]

Условите и постапката за меѓународна соработка во кривичната материја се уредуваат со овој закон. Ако освен со правен акт кој ги регулира кривичните постапки на меѓународен суд чија надлежност ја признава Република Северна Македонија или со меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија поинаку не е уредено, меѓународната соработка се врши согласно со одредбите од овој закон.

Во надлежност на правосуден орган на државата барател е барањето за меѓународна соработка во кривичната материја или во сите постапки во однос на кривични дела чие гонење во времето на поднесување на замолницата за меѓународна правна помош во кривична материја се дава меѓународната соработка.

Во однос на други меѓународни организации чија членка е Република Северна Македонија кога тоа е определено со меѓународен договор, Меѓународниот кривичен суд, во постапките пред Европскиот суд за човекови права и Европскиот суд на правда, се дава Меѓународната соработка.

Одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Законот за судовите, Законот за кривичната постапка, Законот за прекршоците и Законот за Јавното обвинителство ќе се применуваат за сите прашања кои се однесуваат на меѓународната соработка во кривичната материја, ако не се уредени со овој закон.

[9] Законот за меѓународна соработка во кривичната материја што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седница одржана на 2 април 2021 година, а влегува во сила на 14.04.2021 година, Службен весник на РСМ бр.77/2021 од 06.04.2021 година.

Главни принципи во меѓународната соработка се:

- заемно извршување и признавање на судските одлуки;
- меѓусебна доверба;
- ефикасност и итност во постапувањето;
- двојна инкриминираност;
- заштита на безбедноста, суверенитетот;
- фактички реципроцитет;
- соработка и директна комуникација на правосудните органи;
- забрана за двојно казнување.

Во кривична материја во меѓународната соработка спаѓаат:

- трансфер на осудени лица и извршување на кривични пресуди;
- екстрадиција;
- пренос на кривични постапки;
- меѓународна правна помош.

1. Поим на меѓународна правна помош

Меѓународна правна помош е правна соработка помеѓу правосудните органи на две или повеќе држави, со цел да се соберат информации или докази за одреден кривично правен настан. Уредена е со билатерални и мултилатерални договори, како и со национални закони. Меѓународната правна помош може да биде во најразлични форми, како што се трансфер на кривични постапки, екстрадиција, извршување на пресуди и други истражни мерки кои може да бидат предмет на меѓусебна помош на државите.

Меѓународната правна помош е поделена на примарна помош, која се однесува на трансвер на осудени лица и постапки и секундарана помош, која се однесува на взаемна првна помош и екстрадиција.

Суштински дел од кривичната постапка во примарната правна помош, презема замолената држава, во име на државата барател.

Во секундарната правна помош замолената држава само помага на државата барател со:

- обезбедување информации;
- прекугранично наблудување;
- испраќање писмени докази, одземни предмети и списи;
- котролирана испорака;
- сослушување осомничени лица, сведоци и вешти лица;
- сослушување осомничени лица, сведоци и вешти лица преку телефонски или видео комуникации;
- следење на комуникациите;
- обезбедување информации од финансиски институции;
- користење на лица со прикриен идентитет;
- претрес, заплена и конфискација.

1.1 Форма и содржина на замолницата

Со замолницата започнува соработката на државите. Поднесувањето на замолницата е во писмена форма. Во замолницата се внесуваат: името на институцијата која ја праќа и до кој е испратена, кое кривично дело е сторено, државјанството и информации за лицето, во кое својство се јавува лицето, документите треба да бидат со потпис и печат од институцијата која ја праќа замолницата. Од органот кој ги доставил може да се побараат дополнителни информации.

1.2 Начин на постапување

На начин кој е означен во замолницата ќе постапи домашната надлежна правосудна институција, а за странска надлежна институција се постапува одма. Кога домашната надлежна правосудна институција неможе да постапи во предвиденото време, ќе ја извести странската институција за времето кое е потребно. Кога домашната надлежна правосудна институција неможе делимично или во целост да постапи по замолницата, треба да ја извести странска надлежна институција за причините.

1.3 Присуство на службено лице при преземање дејствија на правна помош

Домашната надлежна правосудна институција по замолницата ќе ја информира странска надлежна институција за решението странско службено лице да биде присутно при активности за меѓународна правна помош пред домашна правосудна институција.

За датумот и местото на вршење на активностите на соработка ако се согласува, домашната надлежна правосудна институција ќе ја извести странска надлежна институција.

Ако има согласност на домашната надлежна правосудна институција можат за време на вршење на активностите за меѓународна правна помош, да учествуваат лица од странска надлежна институција.

1.4 Надомест за патни трошоци

Надоместување на патни трошоци во согласност со домашното законодавство има вештакот или сведокот, што се јавил на поканата на домашната правосудна институција.

Правото на надомест за трошоците се наведува во поканите на лицата.

1.5 Привремени мерки

Привремени мерки за привремено запирање на извршување на определени финансиски трансакци, за привремено обезбедување и одземање на предмети, имот или средства кои се во врска со кривичното дело, ќе преземе домашната надлежна правосудна институција по замолница на странска надлежна институција.

Без одлагање ќе ја извести државата молител**,** ако домашната надлежна правосудна институција по замолницата може да постапи делумно или извршувањето на замолницата временски го ограничи.[10]

1.6 Прекугранично набљудување

Странската држава има право да побара од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија да одобри службени лица на странската држава да продолжат со набљудување на територијата на Република Северна Македонија, ако во текот на претходната постапка во странска држава предмет на набљудување е лице за кое постои сомневање дека учествувало во вршење на кривично дело.

По поднесено барање за меѓународна правна помош, овластување да се продолжи со набљудувањето дава Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Службеното оружје во текот на набљудувањето на службените лица на странската надлежна институција на територијата на Република Северна Македонија можат да го носат, а да го користат само во случај на самоодбрана.

Забрането е да влегуваат во живеалишта и на места кои не се достапни за јавноста службени лица на странската надлежна институција.

[10] Член 28 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

1.7 Заеднички истражни тимови

Формиран со цел со ограничено траење и со можност за негово продолжување кога постои согласност од државите кои го формирале тимот, домашните надлежни институции можат да се дел од заеднички истражен тим со странски надлежни органи во случаи на огромни и сложени кривични постапки за откривање, истражување и гонење на кривични дела кои вклучуваат соработка со други држави. Со склучување на Договор се формира заедничкиот истражен тим.

2. Преземање и отстапување на кривично гонење

2.1 Преземање на кривично гонење во Република Северна Македонија

Кривично гонење против државјанин на Република Северна Македонија или лице кое живее или престојува во Република Северна Македонија се презема по барање од страна на странски надлежен орган во РСМ. Кривичното гонење е за кривично дело сторено во странство.

2.2 Преземање на кривична постапка

Во случај кога кривичното дело е кривично дело според домашното законодавство се презема кривично гонење кое се спроведува согласно домашното законодавство. Во кривичната постапка ќе се примени законот на странската држава доколку е по благ за обвинетиот, но кривичната постапка не се води во отсуство на обвинетиот.[11]

[11] Член 42 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

2.3 Изедначување на истражните дејствија и одлука за преземање кривично гонење

Истражно дејствие во кривичната постапка според домашното законодавство се изедначува адекватно со секое истражно дејствие што го преземал странскиот надлежен орган.

Надлежниот јавен обвинител без одлагање го разгледува поднесеното барање и веднаш преку Министерството го известува странскиот надлежен орган за донесената одлука за истото.

3. Отстапување на кривично гонење

3.1 Отстапување на кривично гонење на странска држава

Доколку на територијата на Република Северна Македонија, странец кој има живеалиште во друга држава изврши кривично дело, на странската држава можат да и се отстапат сите докази и кривични списи. Доколку обвинетиот се наоѓа во притвор, странскиот надлежен орган треба да достави известување дали го презема гонењето [12]

3.2 Одлука за отстапување на кривично гонење

Одлука за отстапување на кривично гонење донесува јавниот обвинител, ако обвинението сè уште не е правосилно. Кога обвинението ќе стане правосилно одлуката ја донесува кривичниот совет на судот во случај кога главната расправа сеуште не е започната.

[12] Член 44 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

4. Екстрадиција

Екстрадицијата на лице врз база на распишана меѓународна потерница или врз основа на барање за екстрадиција се дозволува за кривични дела за кои според домашното законодавство е пропишана казна затвор од најмалку една година. Екстрадицијата се дозволува поради извршување на правосилна изречена казна затвор, доколку лицето кое се бара има да доиздржи казна од најмалку 4 месеци и доколку делото за кое се бара е казниво според Кривичниот закон на Република Северна Македонија.

4.1 Начело на специјалност

Лицето кое се екстрадира не може да биде гонето, судено или подложено на казна или, пак, на која било друга мерка на ограничување на слободата или екстрадирано во друга држава за кое било кривично дело извршено пред екстрадицијата, а кое не е предмет на екстрадиција, освен ако надлежниот орган овозможи одобрение за екстрадиција.[13]

5. Постапување кога екстрадиција се бара од Република Северна Македонија

5.1 Претпоставки за екстрадиција

Екстрадицијата се одобрува по препоставка делото поради кое се бара екстрадиција да е кривично дело и според домашното и според странското законодавство и да не е застарено. Лицето чие што екстрадиција се бара да не е државјанин на РСМ, да е утврден неговиот идентитет и кривичното дело да не го извршило на територијата на РСМ против неа или против нејзин државјанин.

[13] Член 51 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

5.2 Политички кривични дела и смртна казна

За политички кривични дела екстрадиција не се одобрува. Доколку за кривично дело за кое се бара екстрадиција е пропишана смртна казна, екстрадицијата се дозволува ако странската држава овозможи доволно гаранција дека истата нема да се изрече.

5.3 Документи кон барањето за екстрадиција

Кон барањето се приложуваат документи со кои се утврдува идентитетот и државјанството на лицето за кое се бара екстрадиција, обвинение, пресуда или одлука за притвор, опис на делото, докази за основано сомневање и препис од одредбите на Кривичниот законик на Република Северна Македонија кој треба да се примени или е применет спрема лицето чијашто екстрадиција се бара.[14]

5.4 Лишување од слобода и поука за правата

Полициските службеници од МВР мора веднаш да го поучат лицето што го лишуваат од слобода дека не е должно да дава изјава и дека има право на бранител. Го известуваат јавниот обвинител и најдоцна во рок од 24 часа се должни лицето да го изведат пред судија на претходна постапка. Судијата пак, е должен да го извести дипломатско-конзуларното претставништво на државата чиј државјанин е лицето лишено од слобода.

[14] Член 58 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

6. Решение за екстрадиција

Министерот донесува решение со кое се дозволува или не се дозволува екстрадиција. Доколку на лицето му било судено во отсуство, а државата барател не му овозможува повторно судење или ако постојат сериозни причини на сомнение дека лицето коешто се бара може да биде подложено на нечовечно или понижувачко постапување или ќе му биде изречена смртна казна, екстрадиција не се дозволува. Владата на РСМ може да одлучи да не дозволи екстрадиција, доколку за тоа постојат оправдани интереси за државата.

6.1 Извршување на решение и предавање на лице чијашто екстрадиција се бара

До странскиот надлежен орган Министерството доставува решение за дозволена екстрадиција, по што Министерството и странските надлежни органи се договараат за времето, местото и начинот на предавањето на лицето. [15]

6.2 Одложено извршување и привремено предавање

Екстрадицијата може де со одложи доколку е во тек кривична постапка против лицето чијашто екстрадиција се бара или затоа што лицето издржува казна затвор во РСМ. Ако странската држава даде гаранција дека лицето ќе го врати во РСМ во одреден рок, тогаш може да биде екстрадирано за некои итни процесни дејствија.

[15] Член 71 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

6.3 Одлучување за екстрадиција во случај на барање од повеќе држави

На која држава ќе ѝ биде екстрадирано лицето одлучува судот, според тоа дали се исполнети законските претпоставки за екстрадикција во барањата и според тежината на кривичното дело, како и територијата на кое е сторено.

7. Постапување кога Република Северна Македонија бара екстрадиција

Министерот поднесува барање за екстрадиција до странскиот надлежен орган, за лице кое е во странство, а против кое се води кривична постапка или е осудено од домашен суд.[16]

7.1 Постапка пред домашниот правосуден орган

За распишана меѓународна потерница, домашниот правосуден орган до Министерството ги доставува целокупните документи заедно со барањето за екстрадиција.

7.2 Транзит на лице преку територијата на Република Северна Македонија

Доколку една странска држава побара екстрадиција на лице од друга странска држава, а таа треба де се спроведе низ територијата на РСМ, спроведувањето се дозволува со решение од страна на министерот.

[16] Член 78 и 79 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

8. Извршување на кривични пресуди

8.1 Предмет на извршување

Домашниот надлежен суд може да изврши правосилна кривична пресуда во однос на санкција по барање на странски надлежен орган, која е изречена од странски или меѓународен суд, но која не е построга од санкцијата што ја изрекол странскиот суд.[17]

8.2 Донесување на пресуда

Домашниот надлежен суд ја внесува во потполност изреката од странската пресуда. Пресудата се донесува во согласност со одредбите од Законот за кривичната постапка. Доколку санкцијата што ја има изречено странскиот надлежен суд не е во согласност со нашето законодавство, домашниот надлежен суд изрекува санкција според домашното законодавство.

8.3 Извршување на странска кривична пресуда

Извршувањето на санкцијата донесена од странски надлежен орган е во согласност со нашето законодавство за извршување на санкции.[18]

8.4 Услови за извршување

Доколку странската кривична пресуда е правосилна, а кривичното дело не е застарено и е во согласност со нашето законодавство, таа ќе биде извршена.

[17] Член 84 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја
[18] Член 87 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

9. Трансфер на осудени лица

9.1 Трансфер на странски државјанин

Лицето кое не е македонски државјанин, а издржува казна затвор во РСМ, може да поднесе барање казната да ја доиздржи во матичната држава. Барањето може да биде поднесено и од страна на државата чиј државјанин е.[19]

9.2 Трансфер на државјанин на Република Северна Македонија

Кога станува збор за лице со македонско државјанство, а кое издржува казна затвор во странска држава, со барање за трансфер, може казната да ја доиздржи во Република Северна Македонија.

[19] Член 97, 98, 99,100 од Закон за меѓународна соработка во кривична материја

Глава 5

Шенгенски договор

Правото на слободно движење е едно од човековите права врз кое почива Европската Унија. И покрај тоа има несогласување помеѓу државите членки. Некои членки сметале дека ваквото право треба да важи за сите земји, а други само за земјите членки.

Во 80-те години од минатиот век се дискутираше за значењето на планот на слободно движење на луѓето во Европа.

До 01.01.1990 година било планирано реализирањето на Шенгенскиот договор од 1985 година во нејзиниот најважен дел член 7, со кој нема да има проверката на луѓето и разместување на надворешните граници и дозволи минување преку заедничките граници на сите премини без гранична проверка.

На 19.06.1990 година во Шенген, по 5 годишно преговарање е создадена „ Конвенцијата за спроведување на Шенгенскиот договор “, често нарекувана „ Вториот Шенгенскиот договор “, од страна на петте држави потписнички на Договорот од 1985 година, кои ги утврдија и потпишаа мерките на усогласување. Оваа конвенција на 01.09.1993 година стапува во сила, но сè додека не се осигураат техничките и правните предуслови нејзините одредби не можеле практично да се применат. На 26.03.1995 година конечно Конвенцијата стапува во сила. Единствена имиграциона политика, создавање заеднички надворешни граници и прекинување на граничните проверки се главните задачи на Конвенцијата. Постапките подразбираат блиска соработка на службите одговорни за проверка на границите и нормативи за издавање виза. Преземање дополнителни чекори за борба против тероризмот и организираниот криминал и подобрување на соработката на судството, полицијата, царината и формирање на заедничка визна политика за престој до три месеци овие компензаторни мерки вклучуваат. Земјите потписнички прифаќаат повторно но само во посебни случаеви воведување на

проверки на границите. Без документи за идентификаја на границата државјаните од државите кои ја потпишале Шенгенската спогодба имат право на слободно движење преку границите. Швајцарија, Лихтенштајн, Исланд и Норвешка од земјите кои не се членки на Европската Унија и 22 од 25 членки без Романија, Ирска, Кипар и Бугарија, во моментот вклучува Шенгенската зона без граници. Со договорот од Шенген државите членки се договориле да се укинат внатрешните граници, но во исто време имаат обврска за засилена контрола на лицата кои влегуваат на територија на Унијата и на надворешните граници на ЕУ. Врз основа на заедничката база на податоци на државите членки, наречен Шенгенски информативен систем (SIS), овозможено е да имаат пристап до податоците за моторни возила, лицата и предметите на правосудните и царинските органи, на Eurojust и EUROPOL, на полициската и граничната контрола и на органите надлежни за издавање визи.

1. Шенгенски оперативни системи

Шенгенскиот информативен систем има два оперативни системи:

- Визниот информативен систем (Visa information System – VIS) и
- Шенгенски информациски систем (SIS веќе ажуриран преминува во SIS II).

За државјаните на трети држави на кои не им е дозволен влез во Шенген зоната, односно лицата кои се во категоријата на непожелни граѓани поради тероризам, илегалната имиграција и трговијата со дрога, овозможен е пристап до информации за лицата со Шенгенскиот информативен систем. Во согласност со Шенгенската конвенција, националната безбедност на државите членки, јавната безбедност, задача да обезбеди одржување на јавниот ред, е целта на овој информативен систем. Од страна на државите членки се приложени овие информации за личности и предмети. Составен е од националните информациони системи во поединечни држави членки кои се потписнички на Шенгенската спогодба (N-SIS) и централниот информационен систем во Стразбур (SIS). Пристап кон предмети кои се изгубени или украдени и пристап кон податоци за точно определени поединци или возила се овозможило со создавањето на автоматската мрежа на податоци.

Од 28.03.1995 година. системот оперативно функционира, најпрвин учествуваа седум држави Португалија, Луксембург, Франција, Шпанија, Белгија и Германија, а на нив се придржуваат Италија, Австрија и Грција, по 1997 година. Шведска, Норвешка, Финска, Исланд и Данска, се приклучуваат во 2000 година. Правосудни и полициски работници ги внесуваат информациите во SIS.

Деталните категории на податоци кои можат да се внесуваат во системот се наведени во член 94 од Спогодбата. Податоци коишто се рангирани како чувствителни како политичка, расна, верска, сексуална ориентација во системот не смеат да се внесуваат. На возила, предмети и лица се однесуваат категориите. Податоците можат да опфаќаат и оценки за тоа дали поседува оружје, дали личноста е насилна па дури и препораки како да се однесуваат органите кои ќе го пронајдат ова лице. Можни соработници, кои било други карактеристики за лицето и брачна состојба опфаќаат податоците врзани со лица. Без разлика на нивната националност во SIS можат да се внесат и предупредувања за лица од причини како закана за јавната безбедност и националната безбедност, апсењето заради обезбедување присуство во судска постапка или ако лицето е осомничено или е сведок, дискретен надзор и посебни проверки, апсење за извршување на екстрадиција.

EUROPOL, Eurojust, правосудните и царинските органи кои се надлежни за издавање на сообраќајни дозволи, граничната и полициската контрола, имаат пристап до Шенгенскиот информационен систем.

Од централно биро во секоја држава членка и од главен компјутер кој се наоѓа во Стразбур е составен Шенгенскиот информационен систем.

Согласно со националното право на државите членки се одредува иницирањето на шенгенската потрага. Одговорноста за легитимноста на потерницата ја сноси органот кој распишува потерница.

Од различни држави под одредени предуслови се можни повеќекратни потерници. Секоја држава членка само еднаш може да распише потерница за еден ист осуденик.

Настана недоразбирање за концептот на управување на надворешните граници, од страна на новопримените држави членки во однос на основачите на ЕУ, истовремено со укинување на внатрешните граници помеѓу државите потписнички на Шенгенскиот договор, а со трансформацијата на режимот на управување со надворешните граници на Шенгенскиот простор.

Скоро задоволително во Конвенцијата за имплементирање на Шенгенскиот договор е Почитувањето на човековите права. Дека човековите права ќе се остваруваат во согласност со одредбите од Конвенцијата во согласност со националното законодавство на договорните страни е предвидено во Конвенцијата.

Размената на информации и правото на пристап до инфомации ако се однесуваат на него има секој човек кој има право на пристап до информации кои се чуваат во SIS. До кој било надлежен орган на договорните страни секој може во кое било време да поднесе барање за остварување на ова право. Секој има право да бара да бидат корегирани или избришани сите неточни информации во врска со него. Секое лице има право да бара да се проверат податоците складирани во SIS кои се однесуваат на него.

2. Каталог за потесна судска и полициска соработка

Каталогот за потесна судска и полициска соработка, кој се користи за превентивното спречување и разјаснувањето на кривичните дела, содржи:

- директна комуникација;
- споделување на информации надвор од државите;
- прекугранично наблудување;
- полициско споделување на информации;

- споделување на информации надвор од државите;
- прекугранични казнувања;
- директно препраќање на судски документи;
- еднаквост на службениците;
- формирање на заеднички работни групи за спречување на криминалот со наркотични средства;
- директно препраќање на судски документи.

3. Полициска правна помош

Разјаснувањето на кривичните дела како и на превентивното спречување на кривичните дела му користи на Неофицијалната полициска размена на информации (член 39 I од Спогодбата за спроведување на Шенгенскиот договор)

За исполнувањето на барањето кое налага преземање принудни мерки како што се: конфискација, прислушкување телефонски разговори, апсење и истрага, кога барањето или неговото исполнување им е доделено на судските служби според националното право е вклучена „Полициската правна помош“ согласно со член 39 I од Спогодбата за спроведување на Шенгенскиот договор.

Во германското право се користат следниве мерки за давање помош: синхронизација на податоци, краткотрајно набљудување, полициско сослушување на обвинетите и сведоците, фотографирање и земање отпечатоци од прсти, утврдување на сопственоста и регистар на жители.

Давањето на полициската правна помош е извршено преку одговорната централна служба - во Германија, значи преку сојузната криминалистичка служба.

Останууваат сепак недопрени понатамошните билатерални договори помеѓу државите потписнички, кои имаат заеднички граници.

Меѓу договорите кои дозволуваат непосредни бизнис трансакции помеѓу одредени полициски служби, спаѓаат и договорите кои СРГ ги потпишала со Франција, Австрија и Белгија.

4. Прекугранична контрола

Спроведувањето на прекугранични политички мерки кај кои се врши влијание на суверената власт на една држава потписничка, на територијата на некоја соседна држава потписничка, се овозможува со Шенгенскиот договор.

Службениците на една страна потписничка се овластени да ја продолжат опсервацијата на суверената област на друга држава потписничка, ако таа се согласува на прекугранична опсервација врз основа на претходно поднесено барање за правна помош, а кои во рамките на истражната постапка во нивната држава набљудуваат лице поради сомнеж за учество во кривично дело, за кое може да се изврши екстрадиција, според член 40 I од Спогодбата за спроведување на Шенгенскиот договор.

Германските службеници смееја да бидат активни само во германската суверена област додека да стапи на сила Спогодбата за спроведување на Шенгенскиот договор.

5. Прекугранични опсервација

Ако подолго време се врши тајно наблудување на лица од страна на полициските служби, без контакт меѓу наблудуваните лица и полициските службеници кои наблудуваат, тогаш станува збор за опсервација.

Продолжување на полициското гонење на лица бегалци во суверената територија на друга држава претставуваат прекугранични казнувања.

Кога некое лице е погодено од моментално кривично дело или бега од истражувањето или казнивоста, а службите на државата на чијашто суверена област е

следено, не се своевремено информирани и затоа гонењето не може да започне, согласно со член 41 I од Спогодбата за спроведување на Шенгенскиот договор, преку границите на сопствената суверена област е допуштена оваа нова форма на полициска активност.

Прекуграничната опсервацијата е во согласност со член 40 I од Спогодбата за спроведување на Шенгенскиот договор поврзана на следниве предуслови кои кумулативно мора да постојат:

- согласност на државата давател ако има на претходно поднесено барање за правна помош;
- да се работи за кривично дело за кое може да се изврши екстрадиција;
- да била водена истражна постапка во државата на излe;
- против опсервирано лице;
- прекугранична опсервација без претходна согласност.

По исклучок, при посебна потреба може да се изврши прекугранична опсервација без претходна согласност.

Службениците на оваа држава потписничка во однос на кривичните дела на кои овие службеници се жртви или ги извршиле службениците кои исполнуваат некоја задача во суверената област на друга држава потписничка се еднакви за време на интервенција согласно со член 40 и 41 од Спогодбата за спроведување на Шенгенскиот договор.

Глава 6

АНАЛИЗА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА

1. Анализа на истражувањето


Во овој труд посебно внимание во врска со истражување се посветува на основите на меѓународната соработка. Најпрвин се објаснува регулативата за домашната и меѓународната полициска соработка. Потоа, се дефинира меѓународната полициска соработка според теоријата на меѓународното казнено право, полициското право и меѓународните односи. Објаснета е улогата на EUROPOL и INTERPOL во борбата против криминалитетот. Презентирани се некои статистички податоци, со што би добиле појасна слика за соработката меѓу безбедносните разузнавачки служби на NTERPOL и EUROPOL со Република Северна Македонија. Огромно влијание врз намалувањето и спречувањето на криминалот има непрекинатиот проток на информации меѓу службите како и реализирањето на заедничките цели. Република Северна Македонија активно е вклучена во значајни меѓународни акции за откривање и спречување на меѓународни канали на организираниот криминал.

Податоците што се искористени во табелите и графиконите подолу се преземени од официјалниот сајт на МВР и од други достапни извори, а се однесуваат за годините од 2004 до 2016. Не може да се добијат понови информации со оглед на тоа што одредени операции и активности се во тек, а информациите на сајтот на МВР се ажурираат подоцна.

1.1 Анализа на соработката EUROPOL – МВР

Во следниве графикони може да се анализира соработката според разменетите пораки и информации за различни предмети и по различни области на организираниот криминал во 2013 година. Податоците во графиконите се изразени во проценти.


Во меѓусебната соработка на EUROPOL и МВР разменети се 1252 пораки, од кои 821 се примени од EUROPOL, а 431 се испратени до EUROPOL. Изразено во проценти, тоа се 66% примени и 34% испратени пораки. (графикон бр. 1)



графикон бр.1 Разменети пораки помеѓу EUROPOL и МВР


Статистичките податоци кажуваат дека во текот на 2013 година евидентирани се вкупно 154 предмети со барања за размена на оперативни и стратешки информации помеѓу Република Северна Македонија и EUROPOL, од кои 127 предмети се доставени од EUROPOL до Одделението за EUROPOL при МВР на Република Северна Македонија, за понатамошна достава до надлежните служби, а 27 предмети се доставени од државните органи одговорни за спроведување на законот - Оддел за сузбивање на организиран и

сериозен криминал при МВР на Република Северна Македонија до EUROPOL. (графикон бр. 1)




графикон бр.2 Предмети за размена на иформации помеѓу EUROPOL и МВР

Од 127 предмети-барања, кои се доставени од EUROPOL до Одделението за EUROPOL на МВР на Република Северна Македонија, 81 предмети се барања за размена на информации односно оперативни проверки, 28 барања се покани за семинари и обуки, 18 предмети се за размена на стратешки информации. Изразени во проценти, податоците се претставени во графикон бр.3.



графикон бр.3 Предмети за размена на иформации испратени од EUROPOL кон МВР

Од EUROPOL кон МВР на Република Северна Македонија во 2013 година, барањата за оперативни информации се 81 од кои: тероризам-3, трговија со луѓе и илегална миграција-21, информатички криминал-18, насилен криминал-16 и недозволена трговија со дрога-23. Во графиконот бр.4 овие податоци се претставени процентуално.



графикон бр.4 Разменети информации од областа на организираниот криминал

Ако барањата за оперативни информации доставени од EUROPOL кон МВР од 2013 г. ги споредиме со барањата во 2014 г. кои се 128, во 2015 г. - 196 и во 2016 г. – 226, можеме да видиме зголемување на бројот на барањата. Тоа значи дека ваквиот вид соработка е во пораст (график бр.1). За разлика од нив, бројот на доставените барања од МВР кон Европол драстично опаѓа. Во 2013 година доставени се 27 барања, во 2014 г. само 6, во 2015 г.- 5, а во 2016 г. барањата кон Европол се зголемуваат на 20 (график бр.2). Овие промени по години се прикажани во следниве графици:



график бр.1 Барањата за оперативни информации доставени од ЕВРОПОЛ кон МВР





график бр.2 Барањата за оперативни информации доставени од МВР кон EUROPOL

Од горенаведените податоци може да се заклучи дека има опаѓање во соработката во 2014 и 2015 година, па поради тоа се поставуваат следните прашања: „ Дали причина за ослабнување на капацитетите на Република Северна Македонија односно капацитетите на МВР на Република Северна Македонија во поглед кон соработката со EUROPOL е аферата со прислушкуваните телефонски разговори, и политичката криза која почна кон крајот на 2014 и почетокот на 2015 година? “, и „ Дали Република Северна Македонија ја губи довербата од институциите во Европа?“ Оваа појава е карактеристична до месец јуни 2015 година со измените на Законот за азил и привремена заштита, кога криминалните групи и поединци престануваат да бидат активни. Активностите на криминалните групи повторно започнуваат со воведување на селективниот пристап на пропуштање на мигрантите, при што на влез во Република Северна Македонија се пропуштаат само мигранти кои се категоризираат како бегалци и потекнуваат од воените подрачја на Блискиот Исток (Ирак, Сирија и Авганистан), додека на другите националности кои се третираат како економски мигранти им е забранет влез.

1.2 Анализа на соработката INTERPOL – МВР

Како што е неколку пати до сега нагласено, соработката меѓу INTERPOL и МВР е од огромно значење во борбата против тероризмот и организираниот криминал. За таа цел се разменуваат информации и се реализираат заеднички активности.

Во табела бр.1 и на графиконот бр.5 се прикажани податоци за бројот на барања доставени од МВР до INTERPOL. Барањата се однесуваат на податоци за кривични дела сторени во нашата држава од страна на странски државјани или наши државјани кои престојуваат или побегнале во странство. Анализата е направена за период од 2004г. до 2016 година.




	бр.на предмети
2004г.	720
2005г.	653
2006г.	667
2007г.	693
2008г.	775
2009г.	830
2010г.	803
2011г.	785
2012г.	786
2013г.	918
2014г.	945
2015г.	1163
2016г.	1011

графикон бр.5 Барања доставени од МВР до INTERPOL табела бр.1

Бројот на барања доставени од INTERPOL до МВР, во кои се побарани информации за кривични дела сторени во странство од страна на македонски државјани или од странски државјани кои делувале на територијата на Република Северна Македонија, се

прикажани во табела бр.2 и на графиконот бр.6. Прикажаните податоци се за периодот од 2004г. до 2016 година. (www.mvr.gov.mk)



	бр.на предмети
2004г.	1021
2005г.	1018
2006г.	1053
2007г.	1357
2008г.	1253
2009г.	1208
2010г.	1103
2011г.	1226
2012г.	1183
2013г.	1144
2014г.	1093
2015г.	1151
2016г.	1328

графиконот бр.6 Барања доставени од INTERPOL до МВР табела бр.2

Информациите разменети со INTERPOL се однесуваат на кривични дела кои се казниви според македонскиот Кривичен закон. Тие се од областа на тероризам, илегална трговија со дрога и оружје, илегална миграција и трговија со луѓе, финансиски криминал

(даночно затајување, компјутерски криминал, перење пари, финансиска измама итн.), насилен криминал, крвни деликти, криминал со моторни возила.

Од табелите погоре може да добиеме слика за продлабочување на соработката меѓу МВР и INTERPOL, во текот на годините. Со надградување на техничката опрема им се овозможува на полициските службеници непосреден пристап до глобалните бази на податоци на Интерпол, како и инклузивност на терен. Физичките граници не се сериозна пречка во спречувањето и одвраќањето на криминогените појави, па токму затоа соработката помеѓу државите, првенствено во размената на прецизни и навремени информации е од клучно значење.

2. „ Case study “

2.1 Пример за екстрадиција по Меѓународна потерница

По Меѓународна потерница во Скопје бил уапсен грчки државјанин, кој веднаш бил одведен пред истражен судија и биле информирани властите во Атина да поднесат барање за екстрадиција.

Покрај официјалното барање со сите потребни докази за исполнетост на законските претпоставки, пристигнале уште две барања за дополнителна екстрадиција. Во еден предмет на лицето му се судело, а во другиот бил осуден во отсуство, но за дополнителните барања не биле доставени потребните документи и затоа не била донесена одлука за дополнителна екстрадиција. Бидејќи по првото барање била утврдена исполнетост на законските претпоставки за екстрадиција грчкиот државјанин бил предаден на властите во Република Грција. Таму продолжила истражната постапка за сторени кривични дела: злосторничко здружување, измама, перење пари и уцена. Истовремено од страна на судските органи во Република Грција биле доставени комплетираните документи за дополнителните барања. Било утврдено дека лицето било судено во отсуство за сторено кривично дело даночно затајување. Бидејќи Република

Грција не била потписник на дополнителниот протокол на европската конвенција за екстрадиција, грчките власти неможеле да достават гаранција дека на лицето ќе му се повтори судењето во негово присуство. Но затоа во писмена форма детално ја појасниле целата кривична постапка, по што било заклучено дека за лицето сигурно ќе се повтори кривичната постапка и ќе му биде судено во негово присуство. Затоа министерот за правда ја одобрил дополнителната екстрадиција на бараното лице.

2.2 Пример за Меѓународна соработка со вклученост на INTERPOL

Во 2012 година обвинителството на Кралството Белгија започнало истрага против повеќе лица вмешани во меѓународна трговија со дрога. Три лица биле со потекло од Република Северна Македонија. Било поднесено барање за итни информации во врска со тоа дали лицата кривично одговарале на територијата на нашата држава. Преку INTERPOL Скопје при МВР итно бил доставен одговор на барањето со изготвена казнена евиденција на лицата против кои се водела истражна постапка.

2.3 Пример за меѓународна полициска соработка

Македонски државјанин кој илегално престојувал во Белгија, предизвикал пожар во еден клуб во Антверпен. Тој свесен за вината, веднаш побегнал од клубот, а заедно со семејството илегално преминувајки ги границите се вратил во Скопје. Властите во Белгија поднеле барање за негова екстрадиција. Но, според уставот на РСМ и Европската конвенција нашата земја не ги екстрадира сопствените државјани. Затоа белгиските власти поднеле барање за преземање на кривичната постапка. Јавниот обвинител одговорил позитивно и од Белгија биле доставени сите писмени докази од истрагата. За време на истрагата во нашата земја биле сослушани само обвинетиот, неговиот брат и неговата сопруга, додека другите 20 сведоци ги сослушал истражниот судија во Белгија. Снимените искази и писмените изјави биле доставени во нашата земја. За време на судењето 4 сведоци биле сослушани во видео конференциска врска. Обвинетиот бил осуден на 10

години затвор како виновен за кривичното дело тешки дела против општата сигурност. Преку Министерството за правда на РСМ била доставена правосилната пресуда до кралството Белгија, која понатаму на оштетените им послужила да бидат обештетени од осигурителните компании.

2. Дискусија

Испорачување или екстрадиција е облик на меѓународна полициска соработка во спречување на криминалот, во која спаѓа предавање под одредени услови на сторител на кривично дело од една во друга држава поради кривично гонење или извршување на кривична санкција што таму му е изречена.

Правилата и условите што се општоприфатени или имаат доминантно значење во меѓународната и националната регулатива како што се: специјалитет, двојна инкриминација и реципроцитет се основните принципи на испорачувањето или екстрадицијата. Категоријата на правилата е различна и зависи од тоа дали се својствени само за одделни национални законодавства, прифатени како стриктни правила или имаат значење на препорачливи општи услови.

Република Северна Македонија има воспоставено пракса на испорачување или екстрадиција.

Не секогаш може да се спроведе испорачување или екстрадициона постапка, ако се земе во предвид комплексната природа на меѓународните односи вклучително со различните национални законодавства.

Кривичниот процес добива првенство повикувајќи се на неисполнување на основните принципи, применувањето на територијалниот принцип, непостоењето на договор за испорачување или екстрадиција и многу други фактори можат да се јават како пречка.

Во борбата против криминалот оневозможувајќи им на криминалците засолниште во други држави испорачување или екстрадиција претставува моќна алатка.

ЗАКЛУЧОК

Соработката помеѓу судството и полицијата има клучна и важна улога во борбата против организираниот криминал. Во последно време криминалот сé повеќе добива меѓународен карактер, па така тоа е причината заради која и соработката помеѓу партнерите кои го спроведуваат законот добива меѓународни размери.

Иако денес постојат многу помалку граници отколку што имаше порано, меѓународниот промет со капитал, добра и луѓе драматично се зголеми. Модерното време доведе до брзи начини на транспорт и комуникација кои што ги користат не само луѓето кои постапуваат на законит начин, туку и оние кои постапуваат спротивно на законите.

Во денешниот свет на глобализација, повеќе од кога било претходно станува значајна соработка помеѓу државите во повеќе области. За таа цел и меѓународната заедница има развиено низа на механизми за меѓународна соработка во кривичната материја, кои особено се однесуваат на екстрадиција, взаемна правна помош, трансфер на постапки, трансфер на осудени лица, признавање на пресудите на странски јурисдикции, замрзнување или заплена на средства и имот, и соработка помеѓу агенциите кои ги спроведуваат законите.

Една од главните цели на овој магистерски труд е да обезбеди информации во врска со меѓународната соработка во кривичната материја. Трудот детално ја анализира меѓународната полициска соработка помеѓу Република Северна Македонија и државите членки на Европската Унија, задржувајќи се на тоа дали меѓународната полициска соработка се покажала секогаш успешна во решавањето на сите видови кривичните дела.

Во истражувањето се потврдува хипотезата за неопходност од меѓународната полициска соработка за полесно и побрзо откривање и решавање на современите, софистицираните и транснационалните кривични дела, кои се се поприсутни со глобализацијата и напредокот на технологијата низ светот. Од анализираните податоци се евидентира дека полицијата во Република Северна Македонија секојдневно соработува со

полицијата на повеќе земји во Европска Унија и дека меѓународната полициска соработка ќе придонесе за зајакнување на односите помеѓу Република Северна Македонија и земјите од Европската Унија. Трендот на глобализација доведува до ситуација ниту една земја сама и изолирано да не може да се справи со современиот, транснационален криминал, па така поголемиот број кривични дела кои се извршени во нашата земја и надвор од неа, а во кои се забележува интернационалност ќе бидат откриени и нивните сторители ќе бидат осудени согласно закон, како резултат на меѓународната полициска соработка.

Од институционален аспект обработено е прашањето за полициската соработка на нашата полиција, која се остварува преку познатата агенција на ЕУ – EUROPOL и INTERPOL, кои се надлежни за спроведување на законот и чија цел е да помогнат во создавањето на побезбедна Европа преку поддршка на органите надлежни за спроведување на законот во борбата против меѓунарадниот сериозен и организиран криминал и тероризмот.

Соработката меѓу МВР и INTERPOL и другите странски полициски служби со текот на годините се продлабочува и зголемува, а со тоа се зајакнуваат односите помеѓу Република Северна Македонија и земјите од Европската Унија.

Користена литература:

1. Камбовски, В., (1998): Меѓународно казнено право, Просветно дело, Скопје;
2. Витларов, Т., (2006): Репресија и превенција на корупцијата, 2-ри Август С, Штип; 148
3. Договор меѓу Република Македонија и Република Словенија за правна помош во граѓански и кривични предмети ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/96)
4. Камбовски, В. (2005): Организиран криминал, Правен факултет "Јустинијан Први" – Скопје, 2-ри Август С – Штип;
5. Тупурковски, В., Разликата помеѓу чисто политичките и релативно политичките кривични дела при екстрадиција, Годишник на Правниот факултет, Скопје, 1974 година;
6. Камбовски, В., (2011): Коментар на кривичниот законик на Република Македонија, интегрален текст, Клуб Матица;
7. Договор за правна соработка во граѓански и кривични предмети меѓу Република Македонија и Република Турција ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/97);
8. Cassese, A., (2008): International Criminal Law, second edition, Oxford University Press
9. Convention on the Non-Applicability of Statutory Limitations to War Crimes and Crimes Against Humanity, of 26 November 1968, достапна на
10. Council Framework Decision of 13 June 2002 on the European arrest warrant and the surrender procedures between Member States, Decision 2002/584/JHA, Official Journal L 190 od 18.07.2002
11. Convention on the transfer of sentenced persons, Strasbourg, 21.III.1983, European Treaty Series - No. 112
12. European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters, Council of Europe, Strasbourg, 20.IV.1959, European Treaty Series - No. 30;

13. European Convention on the Transfer of Proceedings in Criminal Matters, Strasbourg, 15.05.1972, Council of Europe, European Treaty Series - No. 73
14. European Convention on Extradition, Paris, 13.XII.1957, Council of Europe
15. Falk, B., Les problemes actuels de l'extradition, RIDP 1968/3-4;
16. Markus-Tallos, Les problemes actuels de l'extradition, RIDP 1968/3-4;
17. M. Cherif Bassiouni, (2014): International Extradition: United States Law and Practice 6th Edition;
18. Protic, Petar. F., Medjunarodna pravna pomoc, Savremena administracija, Beograd, 1967;
19. Rome Statute of the International Criminal Court; Text of the Rome Statute circulated as document A/CONF.183/9 of 17 July 1998 and corrected by process-verbaux of 10 November 1998, 12 July 1999, 30 November 1999, 8 May 2000, 17 January 2001 and 16 January 2002. The Statute entered into force on 1 July 2002;
20. Vervaele, J. A. E., the transnational ne ne bis in idem principle in the EU; Wilt, Harmen van der, the European Arrest Warrant and the principle ne bis in idem, in Blekxstoon: Handbook, 2005;
21. Договор за правна соработка во граѓански и кривични предмети меѓу Република Македонија и Република Турција ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/97);
22. Договор меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за правна помош во граѓанските и кривични предмети ("Службен весник на Република Македонија" бр.10/06);
23. Европска конвенција за заштита на човековите права, согласно со протоколите број 11 и 14 со протоколите број 1, 4, 6, 7,12 и 13, European Court of Human Rights,
24. Калајџиев, Г., Лажетиќ-Бужаровска, Г., (2011): Закон за кривична постапка, Конвенција за заштитата на човековите права и основните слободи;
25. Кралев, Т., Рамичевиќ, Б., Ефремов, З.,(2012): Криминалистички лексикон, РИ-Графика;
26. Марјановиќ, Ѓ., (2003): Македонско кривично право – општ дел, шесто изменето и дополнето издание, Просветно дело АД, Скопје, стр. 75;

27. М-р Гордана Јанкуловска, "Современи методи во сузбивањето на транснационалниот економско-финансиски криминал" – докторска дисертација – Скопје 2015, стр. 292-293
28. Петровска, Оља: Европски налог за апсење, одбранет магистерски труд на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, март 2009;
29. Протокол број 7 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи чл.4, Стразбур, 22 ноември 1984 година 150
30. Ратификувани Европски конвенции за меѓународна соработка во кривичната материја, прво издание, Република Македонија, Министерство за правда, Скопје, 2010 година
31. Советот на Европа 800 милиони Европјани (2001), уредено од Одделот за односи со јавноста, Дизајн: Isabelle Caraes, Произведено од департманот за продукција на документи и публикации, Македонска верзија, октомври 2001 година, Репринт, 2005 година
32. Списокот на мултилатерални и билатерални договори на полето на меѓународната соработка, Поддршка за мрежата на обвинители во Југоисточна Европа, Генерална дирекција за човекови права и правни работи, Оддел за економски криминал, Стразбур, август 2009
33. Тупурковски, В., Разликата помеѓу чисто политичките и релативно политичките кривични дела при екстрадиција, Годишник на Правниот факултет, Скопје, 1974 година;
34. Устав на Република Македонија, чл.14, „Службен весник на РМ” бр. 52 од 22.11.1992 година, дополнет и изменет со Амандмани I – XXXII (последен амандман од 12 април 2011 година);
35. Хакнер, Т., Шомбург, В., Лагодини, О. и Волф, Н., (2009): Меѓународна правна помош во кривичната материја, Табернакул;
36. Хекер, Б., (2010): Европско кривично право, Датапонс, Скопје;
37. Przic, B., Izdavanje krivaca u medzunarodnom pravu, Arhiv za pravne I drustvene nauke (посебен отисок), Beograd, 1934;

Законски прописи

1. Закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за екстрадиција, Сл. весник на Р. Македонија, бр.178 од 22.12.2011 година; 149
2. Закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за екстрадиција, Сл. Весник на Р. Македонија бр.59/06 од 12.05.2006 година;
3. Закон за кривична постапка чл. 165, Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година;
4. Законот за ратификација на Европската конвенција за екстрадиција со Додатен протокол и Втор додатен протокол, 20 мај 1999 година;
5. Закон за меѓународна соработка во кривичната материја, Службен весник на РМ, бр. 124 од 20.09.2010 година;
6. Zakon o medjunarodnoj pravnoj pomoci u krivicnim stvarima, cl.12, “Sl. Glasnik HR”, br. 178/2004;
7. Zakon o medjunarodnoj pravnoj pomoci u krivicnim stvarima, “Sl. Glasnik RS”, br. 20/2009;
8. Кривичен законик на Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија” бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14 и 199/14;

Интернет литература:

1. http://www.nacionalnakomisija.gov.mk/sites/default/files/prikachyvanja/konvencija_na_obedinetite_nacii_protiv_transnacionalniot_organiziran_kriminal_mk d.pdf
2. http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf
3. https://www.icccpi.int/en_menus/icc/Pages/default.aspx
4. http://www.un.org/en/universaldeclaration-human-rights/index.html
5. https://www.icrc.org/en/war-andlaw/treaties-customary-law/geneva-conventions
6. http://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/090
7. http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf
8. http://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/warcrimes.pdf
9. http://www.preventgenocide.org/law/convention/text.htm
10. http://www.coe.int/